„СЕОПФАТЕН ОДГОВОР – ВОДНО 2018“ | ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ЕСТОНИЈА | „KRISS VECTOR“ | НАЈПОЗНАТИ БЕЛОКАПИ ХАКЕРИ

# ШТИТ

Број 108
Октомври 2018
50 денари
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Интервју со **Драган Николиќ**, државен секретар во Министерството за одбрана



# ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО врвен приоритет за АРМ и МО



# Генералниот секретар на НАТО во посета на Македон

Генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, по втор пат оваа година оствари официјална посета на Република Македонија. На Меѓународниот аеродром „Скопје“, генералниот секретар беше пречекан од министерката за одбрана, Радмила Шекеринска. „Во една година прв пат ни се случува генерален секретар на НАТО да ја посети Македонија како земја која сѐ уште не е членка на НАТО-алијансата. Светот навистина го цени ова што се случува во Република Македонија и дава силна поддршка на нашите две стратегиски цели – членство во ЕУ и членство во НАТО“, рече министерката Шекеринска во пресрет на посетата на високиот гостин од НАТО.

Во рамки на посетата, генералниот секретар на НАТО го посети Полкот за специјални операции во касарната „Илинден“, при што припадниците на Полкот за специјални операции изведоа две показни вежби, а прикажаа и дел од боречките вештини. Министерката Шекеринска во таа пригода потсети дека повеќе од 4.000 припадници на нашата армија учествуваа во различни мисии предводени од НАТО изминативе години. „Секој припадник на Армијата на Република Македонија кој во изминатиот период учествуваше




на различни НАТО предводени мисии беше аргумент плус во полза на нашето членство во НАТО. Дозволете ми уште еднаш да им оддадам признание на сите тие припадници на Армијата којашто беше постојан тивок, но многу видлив и признаен дипломат што лобираше Македонија да стане членка на НАТО. Армијата на Република Македонија и Министерството за одбрана го гледаат членството на Македонија во НАТО како свој врвен приоритет“, изјави министерката за одбрана. Генералниот секретар на Алијансата, Столтенберг, рече дека војниците на Армијата на РМ се добро обучени и подготвени да бидат дел од тешки операции и напори за стабилизација во многу места во светот. Тој се заблагодари за нивното учество во мисиите на НАТО и рече дека членството на Македонија во Алијансата ќе биде предност за НАТО.







# содржина

ШТИТ ■ година X ■ број 108 ■ октомври 2018


Инфо
**Поддршка од пријателите** 5

Интервју
**Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана** 6

Инфо
**„Сеопфатен одговор – Водно 2018“** 12

РЦОЈ- активности
**Соработка со КФОР и косовските институции** 15

НАТО-армии
**Вооружените сили на Естонија** 20

Едукација
**Рефлексивна контрола со оперативен дизајн** 24

Едукација
**Процена на ризикот од тероризам и неговите компоненти** 26

Вооружување
**„Kriss Vector“** 32

Вооружување
**Развој на муницијата за стрелечко вооружување** 38

Вооружување
**„Aero Albatros L-39“** 40

Глобал
**Како Африка се справува со корупцијата** 44

Бинарен код
**Најпознати белокапи хакери** 50

Незадолжително
**Лорандитот од Алшар** 54

Убавините на Македонија
**Мермерното Езеро – македонското „Памук кале“** 58

# Не постои друга алтернатива

Повеќе од 4.000 припадници на нашата армија учествуваа во различни мисии предводени од НАТО во изминатите години. АРМ е посакуван и докажан партнер во сите мисии за чување на мирот. АРМ е посакуван и докажан партнер во заедничките вежби и активности со сите земји-членки на Алијансата. АРМ е високо рангирана институција во која граѓаните имаат најмногу доверба затоа што нејзините припадници секогаш се подготвени да му помогнат на својот народ и на својата земја кога се соочуваат со најразлични предизвици, како природни непогоди, поплави, пожари, хуманитарни катастрофи... И секој припадник на АРМ кој учествувал во мисиите надвор од земјата ќе потврди дека не постои предизвик и задача кои не биле успешно совладани. И секој припадник на Армијата на Република Македонија посакува да биде рамо до рамо со армиите на НАТО, да споделува исти вредности, да има модерна опрема, вооружување, повисоки плати и други придобивки....

Во текот на сите овие изминати години од официјалното определување на нашата земја дека сака да се приклучи кон колективното членство, АРМ беше таа која беше на врвот на оствареното досега во насока на идното зачленување во НАТО.

Секој припадник на Армијата на Република Македонија лично и колективно се трудеше и се стремеше да ги исполни сите побарувања и цели кои ги поставуваше идното зачленување во најголемата воена алијанса во светот. Сега кога сме на дофат на остварувањето на оваа цел уште еднаш треба да нагласиме дека АРМ во сите овие изминати години беше најголемиот гарант и успех во приближувањето кон полноправното членство, а НАТО го препознава и го цени сето тоа. И затоа не случајно генералниот секретар на НАТО Јенс Стотелберг два пати во текот на оваа година ја посети нашата земја и нејзината армија. Видно импресиониран од покажаното во касарната „Илинден“, каде присуствуваше на показната вежба која ја изведоа припадниците на Полкот за специјални операции на АРМ, тој гласно порача „Сите 29 сојузници на Самитот на НАТО во јули одлучија да ве поканат да станете полноправен член и да ги започнете пристапните разговори. Ние сме посветени, но вие морате да го имплементирате Договорот за да станете полноправен член и да ги завршиме пристапните разговори. Кога ќе ги видам војниците зад мене, за мене е уште поочигледно дека ќе биде предност и за оваа земја и за НАТО да ве имаме вас како полноправен член“.

Затоа уште еднаш потенцираме дека за нашата земја, за нашиот народ и за нашата армија не постои друга алтернатива освен полноправното членство во НАТО и во ЕУ и дека во периодот што е пред нас треба да покажеме и да докажеме дека ќе ја оправдаме довербата и поддршката која ни ја даде меѓународната заедница и дека ќе постапуваме рационално, промислено и зрело во периодот што е пред нас и ќе овозможиме нашата држава да стане дел од НАТО и ЕУ.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Кристина Илиевска
(новинар),
Ксенија Митева
(лектор);
Александар Атанасов
Кристина Илиевска
(фотографии)

Печати:
„ФЕНИКС ПРИНТ“
ДООЕЛ Кочани

Цената на еден примерок е 50 денари

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје, Република Македонија

Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.










# Поддршка од пријателите







> Во изминатиот период Република Македонија ја посетија голем број високи гости, меѓу кои секретарот за одбрана на САД Џејмс Матис, министри за одбрана од државите во соседството и од други земји, конгресмени од САД, како и високи претставници на НАТО со цел да ја искажат поддршката за реформските процеси и стремежот на Владата да се остварат двете најзначајни стратешки цели за иднината на земјата, а тоа е членството во НАТО и во Европската унија

Пречекан со највисоки државнички почести, секретарот за одбрана на САД, Џејмс Матис, во рамките на својата официјална посета на нашата земја оствари средба со висока делегација од РМ, предводена од претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев.
На прес-конференцијата по тој повод заменичката-претседателка во Владата на РМ и министерка за одбрана Радмила Шекеринска потсети дека за прв пат во нашата историја како независна држава ни се случува во една година, за помалку од 6 месеци, секретар за одбрана на САД и македонски министер за одбрана да имаат 2 средби, во Вашингтон и во Скопје, и дека тоа говори и за личната заложба на секретарот за одбрана на САД, Џејмс Матис за Македонија и нејзиното членство во НАТО.
Секретарот за одбрана  Џејмс Матис во своето обраќање пред новинарите и македонската јавност истакна дека оваа посета и пријателските разговори се потврда на силна заемна поддршка на двете земји како стратешки партнери што споделуваат заеднички вредности и изрази надеж и им оддаде поддршка на сите што се залагаат за успешен исход на референдумот на 30 септември, со што граѓаните на Република Македонија ќе направат уште еден голем историски чекор и со одобрувањето на договорот од Преспа ќе ѝ обезбедат место на земјата во НАТО, како партнер рамен со сите други земји-членки.
На 20 септември министерката за одбрана Радмила Шекеринска ја пречека својата колешка од Германија Урсула фон дер Лајен.  По средбите во Министерството, министерката Радмила Шекеринска рече дека честите посети на највисокото германско раководство, канцеларката Меркел, министерот за надворешни работи Мас и министерката Фон дер Лајен, покажуваат дека Германија е искрен, постојан и вистински пријател на Македонија. Министерката Фон дер Лајен ја изрази поддршката од целата сојузна влада за продолжувањето и развојот на европската перспектива на Македонија и додаде дека Европа и светот се пред големи предизвици, за кои вистинското решение е соработката во евроатлантската заедница. Фон дер Лајен истакна дека претстојниот референдум е една голема шанса на која изрази уверување дека граѓаните ќе земат активно учество. Претходно, во посета на Македонија беше и италијанската министерка за одбрана, Елизабета Трента, која исто така при средбите со министерката за одбрана Радмила Шекеринска недвосмислено ја потврди поддршката на Италија за Македонија. „Италија е убедена дека нашата заедничка иднина е во евроатлантската заедница, а тоа значи припаѓање кон заедничките вредности, принципи на демократија, владеење на правото, солидарност кон заедничките предизвици кои се пред нас. Напредокот на Македонија е голем, тоа е напредок кон ЕУ и НАТО, и во областа на внатрешните реформи и добрососедските односи“, рече министерката за одбрана на Италија и порача дека референдумот ќе одлучи за најважното нешто, т.е. за иднината во евроатлантската заедница, кон која македонскиот народ има позитивен став.
Во посета на Македонија беа и министрите за одбрана на Црна Гора Предраг Бошковиќ и на Словенија Андреа Катиќ, како и претставници на американскиот Конгрес, кои исто така ја искажаа својата целосна поддршка за референдумот и искрени надежи дека час поскоро и Република Македонија ќе им се придружи во евроатлантското семејство.



# Интервју со
# Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана

**Вие сте единствениот државен секретар во Министерството за одбрана кој ги има поминато сите нивоа во административната служба – од стручен соработник, раководител на одделение, помошник-раководител и раководител на сектор, државен советник, па сè до државен секретар во рамките на МО. Која е улогата на државниот секретар во однос на кадровската политика и кои се Вашите ставови за квалитетен развој на државната администрација?**

– Улогата на државниот секретар во однос на кадровската политика е наведена во Законот за административни службеници во неколку сегменти, почнувајќи од раководење со административните службеници, давање упатства на раководните и на другите службеници и вработени во институцијата, особено во контекст на управувањето со човечките ресурси, решавање за правата, обврските и одговорностите на административните службеници, и тоа на начин и во постапки утврдени со законот. Со други зборови, кадровската политика е во надлежност на државниот секретар. Тој е присутен

> Од аспект на местото државен секретар, со стапување на оваа значајна и, пред сè, одговорна позиција, заедно со колегите, веднаш се зафативме со реализација на крупни реформски проекти во одбраната. Како главен координатор во МО, голем предизвик беше изработката на најзначајниот стратегиски документ во одбраната, Стратегискиот одбранбен преглед – СОП, кој претставува темел за развој на одбранбениот сектор во државата во согласност со НАТО-стандардите



во сите сегменти на кариерата на секој административен службеник и вработен во институцијата, почнувајќи од вработувањето, оценувањето, напредувањето, па сè до неговото пензионирање. Од друга страна, државниот секретар е тој што изрекува дисциплински мерки, казнува, но и наградува. Министерот е политичка фигура и е одговорен за политиките на Владата во конкретниот ресор, но државниот секретар е главниот оперативец, одговорен за спроведување на тие политики или споредбено со комерцијалниот сектор, генерален директор во една компанија. Управувањето со персоналот претставува една од најчувствителните и воедно најодговорни работи.

Пријатели и другари во животот секој може да одбере, но колегите не може. Со нив го поминуваме најголемиот дел од денот, со нив ги делиме и добрите и помалку добрите работи. Државниот секретар мора да ги познава вработените во што поголем број за да може од нив да извлече максимум. И, на крај, успехот на една институција или компанија во целина, најмногу зависи од успехот во управувањето со персоналот. Клучен елемент во успехот е довербата меѓу колегите, соработниците, која се гради макотрпно, чекор по чеко, а се губи за секунда. И, затоа, факторот човек е најзначајниот елемент од сите аспекти.
Што се однесува до квалитативниот развој на државната администрација, успехот лежи во можностите. Кога зборуваме за можностите, не мислам само на правните, законските можности кои секој административен службеник и вработен во институцијата ги има, туку можности кои му се даваат на секој еден вработен од страна на системот, институцијата, претпоставениот. На секој административен службеник мора да му се посвети посебно внимание, секој треба да добие шанса, да биде стимулиран, а за тоа постојат конкретни можности. Обуките, курсевите, школувањата, разни специјализации и усовршувања, дома, но и надвор од границите на државата, се само дел од можностите за квалитетен развој на државната администрација, коишто нашата институција им ги нуди на вработените. Таа шанса мора да се искористи. Она што претставува поголема придобивка е фактот што МО им овозможува на вработените да добијат меѓународни искуства, школувања и обуки во престижни меѓународни воени и цивилни образовни институции низ светот, примена на стекнатите знаења низ голем број настани и активности како што се конференции, семинари, работилници, вежби и други форми. Сите овие можности, пред сè, влијаат врз менталниот склоп кај секој еден вработен во смисла на проактивна улога и самоиницијативност во работата, придонесуваат за квалитетен развој на секој поединец и на развојот на државната администрација во целина. Секако дека не смееме да го заборавиме и главниот предуслов за квалитетниот развој на државната администрација, а тоа е квалитетен Закон за административни службеници. Практиката покажа дека досега имаме комплексен, тешко применлив во наши околности, а во одредени сегменти дури и фрустрирачки Закон за административните службеници, па затоа во рамките на реформата на јавна администрација во Република Македонија којашто е во тек, во согласност со Акциониот план, се предвидува донесување нов Закон за административни службеници кој се очекува да даде голем исчекор во насока на квалитетен развој на државната администрација.



Од првиот ден од добивањето на документот за претпристапните разговори со НАТО, во МО веднаш пристапивме кон преземање на обврските и нивна реализација. Бидејќи во документот се посебно наведени обврските на РМ во воено-одбранбениот сегмент за кои сме носители, за таа цел, со Решение на министерката за одбрана е формиран тим којшто е предводен од државниот секретар и кој имаше задача да изготви План-програма на сите активности коишто треба да бидат реализирани до почетокот на 2020 година со прецизно наведена временска динамика. Овие иницијални обврски се веќе реализирани

**Колку во моментов се работи на кадровскиот менаџмент во Министерството за одбрана, какви се плановите, кои се проекциите, дали има вишок или недостасува квалитетен стручен кадар во МО?**
– Кадровскиот менаџмент во МО претставува еден од најголемите предизвици. Овој сегмент е посебно опфатен во новиот Стратегиски одбранбен преглед – СОП, бидејќи претставува еден од клучните столбови на реформските проекти во нашето министерство. Што се однесува околу вишокот персонал, само за илустрација, ќе ви наведам еден податок. Ако во текот на 2006 година, со изработка на првиот Стратегиски одбранбен преглед во тој период, бројот на вработени во МО по систематизација на работните места го заокруживме на околу 540 вработени, сега тој број изнесува нешто помалку од 1200 вработени, со што имаме зголемување на бројот на вработени за повеќе од 130%. Притоа, таквото зголемување во изминатите 12 години нема никаква поткрепа ниту образложение од законска основа, во смисла зголемување на евентуални функционални дејности и надлежности. Затоа, посебно внимание посветуваме на реформата во овој сегмент. Преку изработка на новата функционална анализа како составен дел од СОП, дојдовме до

новата структура и поставеност на МО во согласност со НАТО-стандардите. Проекцијата на бројот на вработените во новата структура на МО изнесува 650 до 700 вработени. Оваа бројка ќе биде достигната сукцесивно, во наредниот период, во согласност со Планот за имплементација на СОП, Стратегијата за персонал менаџмент и низ конкретни програми и планови, водејќи, пред сè, сметка за социјалниот аспект на вработените. Двата клучни реформски проекта во МО кои ќе имаат директни импликации врз персоналот ќе бидат дивестирање на несуштинските дејности и реорганизација на Секторот за цивилно-воена соработка, вклучувајќи дефицит на стручен и квалитетен кадар и во нашата институција. Оваа состојба на ниво на целата државна администрација во РМ, не нè одминува ниту нас. Ако во изминатиот период во континуитет, во државната администрација недостасуваше квалитетен и стручен инженерски, технички кадар од областа на компјутерските и информатичките науки, сега состојбата е уште посложена, со дополнителен недостаток на квалитетен и стручен кадар од областа на правните, економските и градежните науки. Младите, квалитетни луѓе со стекнување на своето образование во државата, сè помалку изворот на Горд сум што во одреден период учествував и дадов свој придонес во значајни проекти на државно ниво. Како единствен претставник од државната администрација, бев член на Националниот TASK FORCE на Република Македонија за изработка на Стратегијата за развој на информатичкото општество на РМ со акционен план почнувајќи од 2004 г. Исто така, членував во работната група на Р.Македонија за донесување на Национална стратегија за развој на електронските комуникации и информатички технологии. Што се однесува до проектите и активностите во рамките на МО, ќе наведам само некои од нив. Го започнав и раководев



ги подрачните одделенија за одбрана. Овој клучен реформски проект ќе се базира врз измена на законската и подзаконската регулатива во делот на одбраната. Ако ја имаме предвид и реформата во делот на персоналниот менаџмент во АРМ, тенденцијата ќе биде воспоставување ефикасен и единствен интегриран персонален менаџмент-систем на ниво на МО и АРМ во согласност со НАТО-стандардите. Што се однесува околу состојбата на постоење квалитетен, стручен кадар во Министерството за одбрана, и покрај големата преработеност, постои својата егзистенција го гледаат во државната администрација.

**Вие, како висок функционер во Министерството за одбрана, бевте ангажирани и во повеќе значајни проекти и активности на Министерството за одбрана. Посочете на некои од поважните.**

– Ако се навратиме во минатото, во текот на мојата кариера во Министерството за одбрана, точно е, како што кажавте, бев ангажиран во повеќе значајни проекти и активности. Некои проекти ги раководев, а во некои учествував.

регионалниот проект во рамките на SEDM иницијативата – SIMIHO – сателитско поврзување на воените болници на земјите-членки на ЈИЕ во контекст на воспоставување на телемедицината. Еден од главните инфраструктурни проекти во МО и АРМ којшто го раководев беше проектот – Оптички дигитален телекомуникациски систем за воспоставување на комплетна оптичка инфраструктура за потребите на одбраната. Раководев и со проектот – ПМИС – воспоставување на персонал менаџмент информациски систем во МО и АРМ. Посебно




го истакнувам проектот за воспоставување комплетно нова систем-сала за хардверската опрема во контекст на комуникациско-информацискиот систем во МО. Учествував во голем број проекти, како што се воспоставување интернет-компјутерската мрежа и електронски сервиси за потребите на одбраната, потоа, воспоставување радиокомуникациски јазли за потребите на одбраната на повеќе локации низ државата и др. Од аспект на местото државен секретар, со стапување на оваа значајна и, пред сѐ, одговорна позиција, заедно со колегите, веднаш се зафативме со реализација на крупни реформски проекти во одбраната. Како главен координатор во МО, голем предизвик беше изработката на најзначајниот стратегиски документ во одбраната, Стратегискиот одбранбен преглед – СОП, кој претставува темел за развој на одбранбениот сектор во државата во согласност со НАТО-стандардите. Тука е и изработката на Стратегијата за одбрана. Главната координирачка улога е во мој домен и во реализација на проектот за развој на Армискиот полигон – „Криволак“ во НАТО контекст, изработка на функционалната анализа во МО и воспоставување на новата структура на МО, реализација на проектот – SEEBRIG, избор и воспоставување на локација за Командата на мултинационалната бригада на Југоисточна Европа за периодот 2020-2026 година. Еден од главните проекти со којшто раководам е реализација на активности околу Центарот за обука на пилоти, а во моментов, со добивање на поканата за прием на Р. Македонија во НАТО на последниот Самит на Алијансата во Брисел, огромен предизвик ми е улогата на главен координатор на Тимот за претпристапни преговори од Министерството за одбрана на РМ во НАТО.

**Како главен координатор на Тимот за претпристапни преговори од Министерството за одбрана за членство на Република Македонија во НАТО, кои се главните ангажмани на овој тим?**

– Како што претходно напоменав, еден од главните предизвици покрај имплементација на СОП во наредниот период е и реализација на обврските во МО и АРМ во контекст на претпристапните разговори за членство на РМ во НАТО. Ова е, пред сѐ, оперативно-техничка процедура, востановена во НАТО, за завршување на последните обврски и работни задачи на секоја земја пред полноправно членство и се однесува на усогласување на одредени процедури и документи, законски и подзаконски регулативи и постапки по НАТО препораки и стандарди. Овој процес вообичаено трае околу година и половина и во овој временски рок е потребно сите овие задачи и препораки да бидат успешно завршени и верифицирани од страна на Алијансата. Како што беше наведено од страна на НАТО-партнерите, Р.Македонија го доби документот за претпристапните разговори на почетокот на месец август и во него се наведени конкретните обврски и активности класифицирани по области и цели. За успешна реализација на активностите и исполнување на целите, на државно ниво е формиран Национален комитет за членство во НАТО, во којшто членуваат извршните авторитети од Владата на РМ и Работен комитет во којшто членуваат експерти од повеќе министерства кои ќе ги канализираат обврските на оперативно ниво од секоја институција. Државата сериозно пристапи кон исполнување на оваа финална обврска во контекст на полноправно членство на земјата во НАТО. Од првиот ден од добивањето на документот за претпристапните разговори со НАТО, во МО веднаш пристапивме, целосно посветени, кон преземање на обврските и нивна реализација. Бидејќи во документот се посебно наведени обврските на РМ во воено-одбранбениот сегмент за кои сме носители, за таа цел, со Решение на министерката за одбрана е формиран тим којшто е предводен од државниот секретар и кој имаше задача да изготви План-програма на сите активности коишто треба да бидат реализирани до почетокот на 2020 година со прецизно наведена временска динамика. Овие иницијални обврски се веќе реализирани. Мониторингот за преземените обврски е во континуитет со изготвување на квартални извештаи. Работниот тим, составен од сите носители од МО и од АРМ, работи и се координира на дневна основа во насока на успешна реализација на задачите. Позитивен момент е што двата клучни процеса во МО, едниот, имплементацијата на СОП и вториот, реализација на обврските во однос на претпристапните разговори, ги водиме паралелно со олеснителна околност, бидејќи



во голем процент активностите и обврските низ двата процеса се комплементарни и се преклопуваат. Ова се последни километри од маратонот и сите ние со нетрпение го очекуваме денот кога ќе го видиме знамето на Р. Македонија рамноправно со сите земји-членки развиорено на јарболот пред седиштето на НАТО. Затоа, во сите дискусии и настапи потенцирам дека ова се историски моменти за државата, а ние ја имаме таа одговорност и привилегија да бидеме дел од нив.

**Дали Министерството за одбрана и АРМ се целосно компатибилни со земјите-членки на НАТО и дали има уште императиви кои треба да се исполнат?**
– Одлуката за една од стратешките цели на Република Македонија, полноправно членство во НАТО, со консензус е донесена деведесеттите години од минатиот век, многу бргу од нејзиното осамостојување, а од 1995 година, што значи пред цели 23 години, Република Македонија станува земја-членка на иницијативата „Партнерство за мир“. Ова значеше дека државата и конкретно го започнува својот пат кон остварување на стратешката цел. Од самиот почеток на овие активности, па сè до денес, МО е авангарда на НАТО процесите во земјата, локомотива на македонскиот воз кон НАТО. Од тогаш почнуваат континуираните трансформации во Армијата и Министерството за одбрана, преточени во одредени приспособувања, усогласувања, планирања, реорганизации и преструктурирања. Целиот изминат период со одредени отстапувања, застои, некогаш со поголема, а некогаш со помала посветеност, се одвиваа процесите поврзани со постигнување на интероперабилност и компатибилност со земјите-членки на НАТО. Секоја година наназад, заедно со НАТО партнерите, Р. Македонија изготвуваше акциски планови за членство, па така дојдовме до 18-тиот циклус на овој процес. Тука се и годишните национални програми за членство со подготовка и реализација на конкретните партнерски цели кои опфаќаа обврски и за други институции во државата покрај МО и АРМ. Одбранбениот сектор имаше и голем број дополнителни обврски преточени во разни стратешки документи, повелби, билатерални и мултилатерални планови, преку кои се постигнуваше компатибилноста и



Македонија ја гледам како граѓанска држава целосно интегрирана во НАТО и во ЕУ, со остварени стратешки цели, современа европска држава, модерна и демократска земја, економски развиена, со сите западни вредности како што се потполна слобода и независност, владеење на правото, еднаквост за сите и можности за секој

интероперабилноста со земјите-членки на НАТО. Она што е најзначајно во поглед на компатибилноста со членките на Алијансата од аспект на Министерството за одбрана и АРМ е следното: Сите процеси, почнувајќи од планирањето на активностите, програмирањето, буџетирањето и на крај извршувањето, се одвиваат според НАТО стандардите и процедурите. Она што беше до-неодамна спорно и проблематично во однос на буџетот на одбраната, Владата на РМ го постави на здрави основи, донесувајќи одлука за сукцесивно зголемување на буџетот за одбраната секоја година за 0,2 процентни поени од БДП. На тој начин и во овој сегмент, Владата покажа посветеност кон исполнување на стратешката цел, членство во НАТО, со препораката за зголемување на буџетот за одбраната до постигнување 2% од БДП. И ова подразбира компатибилност. Од друга страна, почнувајќи од 2003 година па до денес, околу 4000 припадници на АРМ учествуваа во континуитет во операции на мировните мисии низ светот предводени од НАТО, со што „de facto“, на терен, ја покажуваат компатибилноста и интероперабилноста со армиите на земјите-членки на НАТО. Затоа, во контекст на прашањето, можам да одговорам дека МО и АРМ се целосно компатибилни со земјите-членки на Алијансата. Што се однесува до одредени императиви кои треба да се исполнат, можам да кажам дека во согласност со СОП и обврската за финализирање на Долгорочниот план за развој на одбраната, Планот за модернизација на АРМ претставен преку листа на приоритетни проекти кои треба да се реализираат во наредниот повеќегодишен период, го претставуваат последниот императив којшто треба да ја заокружи компатибилноста во целост, а за тоа е исполнет главниот предуслов, обезбедување на стабилно буџетирање.

**Бевте активен и во однос на регионалната соработка, се залагавте за заеднички активности и проекти. Колку е значајна регионалната соработка и посочете на некои од поважните проекти во изминатиот период и планираното за наредниот период?**
– Регионалната соработка е многу значаен сегмент за мали држави како што е Република Македонија од аспект на остварување на стратешките цели како што е полноправно членство во НАТО. Регионалната соработка низ конкретни иницијативи дава огромна можност за дополнителна афирмација, проактивна улога во регионалните процеси од аспект на промоција на безбедноста и стабилноста во регионот. Низ успешната регионална соработка, Р. Македонија се промовира како рамноправен партнер, респектиран од другите земји, како во регионот така и пошироко. Што се однесува до конкретните иницијативи и проекти на регионално ниво, кои се успешни за Р. Македонија и Министерството за одбрана, ќе наведам некои од нив: Прва успешна регионална соработка во која МО партиципира е Јадранската повелба, иницијално во А-3 формат, а сега во А-5 формат, под покровителство на САД. Тоа е регионална соработка од аспект на промоција на безбедноста и одбраната на земјите-членки на иницијативата, Р.Македонија, Р.Хрватска и Р. Албанија. Датира уште

од 2003 година и нејзина главна цел беше заеднички влез на трите земји во НАТО. Хрватска и Албанија се веќе членки на Алијансата повеќе години и остана нашата земја да го заокружи процесот. Една од позначајните регионални иницијативи претставува и SEDM-процесот, во кој партиципираат министерствата за одбрана на земјите од ЈИЕ. Во овој процес има повеќе конкретни проекти и активности како што се IMIHO-проектот, SEESIM – симулациската вежба, SEEBRIG – Мултинационална бригада на земјите од Југоисточна Европа, RACVIAC – Регионалниот центар за безбедносна соработка, BMTF – Балканските медицински наменски сили и др. Остварувајќи ја својата стратешка цел, полноправно членство во НАТО, Република Македонија и понатаму ќе ја развива регионалната соработка како со земјите во регионот, така и пошироко, а со својата проактивна улога во сите овие иницијативи ќе продонесува кон ширење и јакнење на мирот, сигурноста и безбедноста во регионот.

**Како стручњак од областа на компјутерската техника, информатика и автоматика, појаснете кои се предизвиците за Министерството за одбрана во однос на сајбер-заканите, колку сме безбедни и што се работи на тој план?**

– Техничко-технолошкиот развој во светот, огромната примена на информатичките технологии во сите сегменти на современото живеење, придонесе буквално преку ноќ да се променат безбедносните ризици и закани на глобално ниво. Во такви околности на брз развој на настаните, нациите, народите и државите се принудени на континуирана промена на начинот на своето живеење и функционирање како во глобални, така и во локални рамки. Светот живее во услови на асиметрични закани и ризици кои не познаваат граници, територии, народи. Во овој сегмент, особено значење имаат компјутерските напади кои се изведуваат преку глобалните компјутерски мрежи, упади во затворените компјутерски системи, обиди за уништување на критичната инфраструктура во земјите, посебно во делот на енергетската, електричната, сообраќајната и друга инфраструктура. Секако, посебно интересна за хакирања и напади однадвор е и безбедносната, одбранбена инфраструктура во земјата. Не смееме да ја потцениме и моќта на пласирање на лажните вести и информации и последиците од тоа. Сите овие активности влегуваат под едно име – сајбер-закани и сајбер-напади. Ни нашата земја не може да остане надвор од овие современи настани и закани на глобално ниво, а кои можат да имаат катастрофални последици на локално ниво. Затоа, НАТО веќе ја подигна сајбер-безбедноста и сајбер-заканите на многу високо ниво на своите приоритети. Република Македонија, следејќи го овој развој на настаните веќе презема конкретни активности и чекори. На ниво на држава, формирано е посебно тело кое ќе биде одговорно за оваа проблематика. Тука се и тимовите за брз одговор. Во процедура е усвојување на Стратегија за сајбер-безбедност на државно ниво со конкретен акциски план, а Министерството за одбрана активно партиципира во сите овие органи и форуми следејќи ги препораките и задачите кои ги добива секоја од институциите. Покрај овие чекори, МО добива конкретни насоки и задачи директно од НАТО во контекст на сајбер-безбедноста. Предвидено е ажурирање или донесување на нова Стратегија за развој на ГКИС – Глобалниот комуникациско-информатички систем на МО и АРМ, како и Стратегија за сајбер-безбедност. Целосно сме посветени на развојот на комуникациско-информатичкиот систем во МО и АРМ, така што вложувањата, односно, инвестициите во овој сегмент го ставивме на многу високо ниво на приоритетите. Свесни сме за специфичноста на проектите во овој сегмент, како од аспект на реализација, така и од аспект на нивното менаџирање, имајќи ги предвид ресурсите со кои располагаме.



**Кои се Вашите визии за иднината на нашата земја?**

– Што се однесува до иднината на нашата земја, немам апсолутно никакви дилеми. Пред сè, Р. Македонија ја гледам како граѓанска држава целосно интегрирана во НАТО и во ЕУ, со остварени стратешки цели, современа европска држава, модерна и демократска земја, економски развиена, со сите западни вредности како што се потполна слобода и независност, владеење на правото, еднаквост за сите и можности за секој. Земја во којашто нема да биде важно кој на која националност или вероисповед припаѓа, од каква групација доаѓа. Земја во која нема да има никакви делби, земја без предрасуди. Земја која ќе нуди перспективи за младите генерации и нивен развој, преку современ образовен систем и услови за квалитетна егзистенција, а од друга страна, земја која ќе обезбедува квалитетен и современ здравствен систем, сигурен пензиски и социјален живот. За реализација на оваа визија, потребно е да почнеме од самите себе, преку промена на менталниот склоп, да ја подигнеме свеста и совеста на повисоко ниво. Верувам дека оваа моја визија е и визија на мнозинството граѓани на Република Македонија.

д-р Жанет Ристоска



# „Сеопфатен одговор –

Вежбата „Сеопфатен одговор – Водно 2018" е показател како современите општества треба да се справуваат со предизвиците – Беким Максути, заменик-министер за одбрана

Националната командно-штабна вежба од областа на управувањето со кризи „Сеопфатен одговор – Водно 2018" во организација на Министерството за одбрана и Инжинерискиот корпус на Армијата на САД, се одржа во Домот на АРМ во Скопје, во периодот од 17 до 21 септември 2018 година, на која активно учестваа над 120 претставници. Вежбата претставува резултат на претходно осмислен планирачки процес во делот на цивилно-воените подготовки за справување со кризни состојби. Подготовките започнаа со првата планирачка работилница за концептот на вежбата од 28-30 ноември 2017 година, а последователно се одржаа и три планирачки конференции, и тоа иницијална во февруари, главна во април и финална планирачка конференција во јуни 2018 година. Исто така, како составен дел од планирачкиот циклус во март се одржа и една работилница за обука на персонал за користење на систем за командување и управување со инциденти (NICS).

На вежбата, покрај претставници од Министерството за одбрана и





# Водно 2018"

Армијата на Република Македонија, учествуваа експерти од FEMA, MIT Lincoln Laboratory, Националната гарда на Вермонт, DARPA, претставници од: Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за финансии-Царинската управа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управата за хидрометеоролошки работи, Дирекцијата за радијациона сигурност, Локалната самоуправа на град Скопје, Сеизмолошката опсерваторија, ЈЗУ Здравствениот дом Скопје –Службата за итна медицинска помош, Црвениот крст на Република Македонија, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје и студенти од Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ од Скопје.

Целта на вежбата, односно нејзиното планирање и реализација, беше да се проверат можностите и способностите на Главниот штаб за управување со кризи за координација и комуникацијата со институциите на РМ при одговор во кризна состојба, како функционира меѓуинституционалната комуникација за време на реакција за справување со поплава од голем размер, проверка на капацитетите за реакција, како и важноста на цивилно-воените подготовки за справување со кризни состојби, односно улогата на Армијата на Република Македонија во поддршка на институциите од системот во случај на кризни состојби кога не се во можност да се справат со сопствените капацитети.

Во текот на вежбата беше ставен акцент на оценка на следните суштински капацитети:

1. Операции во вонредни ситуации.
2. Комуникации.
3. Логистика.
4. Евакуација.
5. Обнова.

Почетокот на вежбата го означи директорот на вежбата, д-р Тони Петрески. Во своето воведно обраќање пред учесниците истакна дека оваа вежба ќе овозможи македонските национални институции одговорни за подготовки и управување со кризи, да одговорат на предизвиците за справување на природна непогода и врз основа на извршената евалуација по реализација на вежбата ќе се предложат мерки и активности за надминување на одредени слабости и празнини, со цел да се изградат и одржуваат основните способности и капацитети за успешно справување во случај на итни и кризни состојби.

За време на вежбата беше реализиран и Ден за високи гости на кој присуствуваа: заменик-министерот за одбрана, Беким Максути, командантот на Националната гарда на Вермонт, генералот Стивен Креј, директорот на Генералштабот на АРМ, генерал-мајор Зоран Милески, министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, директорите на Центарот за управување со кризи Агрон Буџаку и на Дирекцијата за заштита и спасување, Аднан Џафероски, како и останати високи претставници од државните институции и од НАТО-канцеларијата за врски во Скопје,

Заменик-министерот Максути имаше свое обраќање, при што изрази благодарност до учесниците за нивниот активен придонес и посветеност за реализација на вежбата и истакна дека потребата од соодветни капацитети и подготвеност на институциите за справување со итни состојби е од врвен приоритет за безбедноста на граѓаните.

„Самиот факт дека предизвиците и ризиците сè повеќе се од општествена, мигрантска, технолошка, сајбер или климатска природа, зборува дека отпорноста на државите треба да се гради во рамки на меѓуинституционална вмреженост во подготовките и одговорот на сите институции во државата, секоја според своите надлежности, но и во меѓународен контекст на здружување на регионалните капацитети за оваа намена. Затоа уште повеќе е значајно да сме подготвени за заеднички одговор, интероперабилност и извежбани стандардни оперативни процедури, со дејство и колаборација” – истакна заменик-министерот Максути.

На крајот од вежбата, од страна на организаторите и експертите, врз основа на извршените првични анализи и импресии, беше констатирано дека Вежбата е успешно реализирана и дека сите тренинг-цели се остварени. Постапките кои се водеа одделно, во секоја институција и на секое ниво (национално, регионално, односно локално), ќе бидат земени предвид при преземање соодветни мерки и активности со цел развој и одржување на основните капацитети на системот за успешно справување при кризни состојби.

м-р Панде Димоска
м-р Душко Аврамовски

# Државен натпревар

На стрелиштето „Долно Оризари“ се одржа традиционалниот државен натпревар во гаѓање со пиштол 7,62 мм на реден број 1. На натпреварот, кој беше во функција на усовршување на воените вештини во ракување со овој вид пешадиско оружје, учествуваа 80 резервни офицери и подофицери од 16 општински организациони единици (ООЕ) на Организацијата на резервните офицери на Р. Македонија (ОРОРМ). Пред почетокот на натпреварот, претседателот на ОРОРМ, проф. д-р Ѓорѓи Малковски, ги поздрави учесниците и им посака добри резултати. Државниот натпревар се реализира во согласност со Упатството за гаѓање со пешадиско оружје и со логистичка поддршка на Командата за обука и доктрини (КОД), со која командува полковникот Љубенчо Петровски. Капетанот Игорче Чавлески од КОД, кој раководеше со натпреварот, ги запозна учесниците



со неопходните безбедносни мерки според Упатството за гаѓање. На овој државен натпревар, за кој постои нагласен интерес кај членовите на ОРОРМ, беа остварени одлични резултати. За најдобри екипи се прогласени: Кичево – Македонски Брод (1. место); Скопје (2. место) и Охрид (3. место). Поединечно, најдобри беа: Златко Илијевски од Скопје (1. место со 44 погодоци); Никола Миткоски од Кичево (2. место со 42 погодоци) и Зоран Мирчески од Кичево (3. место со 41 погодок). Еднодневното дружење на резервните офицери и подофицери заврши со заеднички ручек, војничко гравче, во касарната „Алекса Демниевски-Бауман“ во Велес.

# Соработка за пример

Општинската организациона единица на ОРОРМ Делчево со која раководи Светлана Илиевска е една од најактивните ООЕ во источниот дел на Р.Македонија, која планираните активности ги реализира континуирано во текот на календарската година. За оваа ООЕ е посебно значајно тоа што таа практикува дел од содржините да ги реализира во соработка со други здруженија кои со своето програмско ангажирање даваат придонес во одбраната. Во контекст на ова, од посебно значење е долгогодишната плодна соработка со ПСД „Голак“. Потврда на ваквата констатација е и неодамна организираниот планинарски марш на релацијата: с. Нов Истевник – Истевнички Кукуље – Китка – Бејаз Тепе (Бела Планина), која се наоѓа на н.в. од 1350 метри, во должина од 14 км. За учесниците на маршот (40-тина активисти на ООЕ Берово, Пехчево и Делчево, како и претставници на ПСД „Голак“), посебно доживување претставуваше запознавањето со Истевнички Кукуље кои претставуваат интересни геолошки форми составени од најразлични фигури како дар на природата коишто го импресионираат секој посетител.




# Регионален марш

Врз основа на Програмата за обука и едукација за 2018 година, ООЕ на ОРОРМ Битола, со која раководи резервниот капетан Оливер Митевски, беше домаќин и организатор на кондиционо-рекреативен марш којшто



се реализира во Пелистерскиот регион. Целта на организирањето на оваа практична содржина беше во функција на проверка на психофизичката способност на членовите на ОРОРМ и меѓусебно запознавање. На овој регионален марш, по повод 66-годишнината од основањето на ОРОРМ, учествуваа 50 резервни офицери и подофицери од 5 ООЕ од југозападниот дел на Македонија (Битола, Демир Хисар, Прилеп, Охрид, и Кичево–Македонски Брод). Маршот се реализираше на релацијата: Инфоцентар „Пелистер“ – Палиснопје – Планинарски дом „Копанки“ –Хотел „Молика“, во должина од 7 км. Претставник на н.п. „Пелистер“ изврши топографска и географска ориентација, а учесниците имаа убава можност да уживаат во природните убавини на Пелистерскиот регион. Дружењето на резервните офицери и подофицери заврши со заеднички ручек – војничко гравче, што го подготви гарнизонот на АРМ во Прилеп. Покрај овие содржини, во Кичево, 70 резервни офицери и подофицери од 6 ООЕ на ОРОРМ од западниот дел на Р. Македонија, на стрелиштето „Осој“, гаѓаа со АП 7,62 мм – подготвително на реден број 1. На ова гаѓање беа остварени одлични и многу добри резултати.

Живко Трајановски



# Соработка со КФОР и косовските институции

На 29 август на покана на командантот на КФОР, бригадниот генерал Салваторе Куочи, делегација од Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка ја посети Командата и Канцеларијата за односи со јавност на КФОР во Приштина. Покрај средбите со командантот на КФОР, бригадниот генерал Куочи, делегацијата оствари средби и со полковник Винченцо Грасо, шеф на Канцеларијата за односи со јавност на КФОР, со Даут Хоџа, шеф на Канцеларијата за односи со јавност на Косовската полиција, а го посети и



Центарот за информирање на медиумите на НАТО.
Главен акцент на средбите беше ставен на зајакнувањето на понатамошната соработка со КФОР и Косовската полиција во делот на обуките за односи со јавност. Како прв чекор ќе биде ангажирањето на медиа-тренери од Регионалниот центар за односи со јавност на претстојната вежба „Сребрена сабја 2018“ во организација на КФОР во октомври, чија цел е обука на сите безбедносни сили, КБС, КП и останати институции кои учествуваат во справувањето со кризи од невоен карактер, и во рамките на оваа вежба ќе се направи обид да им се објасни пристапот кој треба да го имаат во однос на координацијата на пораката и справувањето со таквата ситуација.На средбата со генералот Куочи, делегацијата беше запознаена со потребите на  институциите на Косово од поблиска соработка во однос на стратегиските комуникации и унапредување на нивната способност за информирање на јавноста за работата која секојдневно ја извршуваат. Според него, косовските институции многу добро ја извршуваат својата работа грижејќи се за заедницата, без оглед на нивната религиозна и етничка припадност, но тоа што сѐ уште им недостига се алатките и средствата за постигнување на поголема видливост во јавноста и стекнување на доверба, со цел бидат прикажани во своето вистинско светло. Генералот додаде дека токму овде нашиот центар може да ѝ овозможи на Косовската полиција унапредување на способноста за навремено информирање и приближување до јавноста преку зголемување на способноста за комуницирање. Укажа дека Косовската полиција нема унифицираност во пораките и дека не постои доволно споделување на информациите, недостаток на линија на комуникација во самата организација. КФОР им асистираат на КП, но според него навистина е добро што постои Регионален центар специјализиран за односи со јавноста, кој може да даде поддршка во развивањето на капацитетите на КП, како безбедносна организација. Шефот на Канцеларијата за односи со јавност на КФОР, половник Грасо, укажа дека постоењето на Регионален капацитет за односи со јавност е навистина корисен, а потребата од размена на искуства и учество на РЦОЈ во вежба организирана од КФОР е корисно и за КФОР, но и за РЦОЈ. Додаде дека Центарот со своето практично искуство и лекции може да придонесе во постигнувањето на целта преку споделувањето на искуството, одржување на брифинзи, предавање и практична работа.
Посетата на Центарот за информирање на медиумите на НАТО беше искористена и за средба со офицерот за односи со јавност на Косовската полиција, Даут Хоџа. Тој беше запознаен со работата на Центарот и изрази подготвеност за идна соработка, истакнувајќи дека размената на искуства и воспоставувањето на партнерства со организациите кои работат во доменот на односите со јавноста е клучна.

Габријела Ѓорѓевиќ



# Реформите во безбедносниот сектор

> Целта на реформите во безбедносниот сектор е достигнување на стандардите, неопходни за влез на Република Македонија во колективните системи за безбедност, преку кои ќе се оствари стабилизација на државата и долгорочно ќе се обезбеди нејзината иднина

Скандалот со прислушувањето во Република Македонија придонесе за итни реформи во системот на национална безбедност на земјата, ставајќи акцент на реформите на тајните служби и системите за следење на комуникациите. По големиот број на нелегални следења на комуникациите, Европската комисија формираше група на искусни независни експерти од областа на владеењето на правото, предводена од Рајнхард Прибе, со цел брзо да изработи анализа на ситуацијата и да даде препораки кои се однесуваат на оваа прашање. Како најчувствителни области во кои се потребни итни реформи во извештајот на Прибе први се наведени следењето на комуникациите. Според извештајот на Прибе, на Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) треба да ѝ се одземе посредничката улога, со цел да нема нејзино мешање во независноста на другите надлежни органи кога се работи





**Според извештајот на Прибе, на Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) треба да ѝ се одземе посредничката улога, со цел да нема нејзино мешање во независноста на другите надлежни органи кога се работи за следење на комуникациите (Полиција, Царинска управа и Финансиска полиција) и УБК не треба да има директен пристап до техничката опрема која дозволува отсликување на комуникацискиот сигнал**



за следење на комуникациите (Полиција, Царинска управа и Финансиска полиција) и УБК не треба да има директен пристап до техничката опрема која дозволува отсликување на комуникацискиот сигнал. Исто така, според извештајот парламентарните комисии за безбедност и контраразузнавање и за надзор на мерките за следење треба да се состануваат редовно (со учество на сите партии избрани во Парламентот), со цел да се обезбеди парламентарна одговорност.
Главна причина поради настанувањето на овој скандал со прислушувањето, според Прибе е концентрацијата на моќта во националната безбедносна служба (УБК), злоупотребата на механизмот за надзор над УБК, непочитување на професионалната етика, основните принципи на ризично управување и недостаток на познавање на чувствителноста на разузнавачите задачи во рамките на УБК. Исто така, предмет на загриженост, според извештајот, е и очигледниот недостаток на обучена служба за основните права и правилата за заштита на податоците, фамилијарната поврзаност помеѓу високо позиционирани политичари и носители на високи функции во УБК, како и во Јавното обвинителство кои создаваат ризична средина за конфликт на интереси. Значајно е да се истакне дека недостасува многу битен закон, кој сè уште не е донесен, а тоа е закон за безбедносно-разузнавачките служби со кој прецизно би се уделиле правата и обврските на Управата за безбедност и контраразузнавање, која денес работи според Правилник донесен во далечната 1997 година.

## Формирање на Оперативно-технича агенција (ОТА)

Новата Оперативно-техничката агенција (ОТА), како самостоен и независен државен орган се основа за овозможување на непосредно активирање и техничко управување со мерките за следење на комуникациите, како и овозможување пристап до податоци од комуникациско-информациски систем. Оваа агенција е првиот чекор за заемна контрола на институциите. Опремата од Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) ќе се сели во новата агенција, но членовите кои ќе бидат вработени ќе ја имаат само улогата на активатор на наредбите од судот, но не и на примач на информациите од процесот на прислушување. Ваквиот начин на функционирање на системот надвор од просториите на полицијата ги следи препораките на Прибе, но вклучува контрола и на граѓанскиот сектор преку невладините организации кои ќе бидат вклучени во процесот и екпертите кои ќе бидат задолжени за контрола. Значи, Оперативно-техничката агенција ќе биде независен и самостоен државен орган, која ќе има задача да го активира сигналот и да им овозможи на органите овластени за следење на комуникациите пристап до податоците од комуникациско-информациските системи на операторите. Таа ќе ги координира операторите и службите овластени за следењето и ќе врши надзор врз операторите.

## Ново решение кое ќе ги спречи старите навики

Развојот на општеството доведува до промени на вредносниот систем, а со тоа се наметнува неминовна потреба од промени во делот на безбедносниот систем кој би можел соодветно да одговори на новите предизвици и да ги заштити новите вредности. Целта на реформите на безбедносниот сектор е достигнување на стандардите, неопходни за влез на Република Македонија во колективните системи за безбедност, преку кои ќе се оствари стабилизација на државата и долгорочно ќе се обезбеди нејзината иднина.
Реформите на безбедносниот сектор во нашата држава, перспективно гледано,



нужно треба да се реализираат во повеќе сегменти, кои би опфатиле:целосно законско регулирање на разузнавачко-безбедносната заедница; реформирање на УБК, следејќи ги светските трендови и промени, градење нова организација и методологија на работење; селекција и стручно профилирање на кадрите во согласност со принципите на професионалност, современост, ефективност, етичност, отчетност, деполитизација и департизација; примена на принципот на професионалност и компетентност во Министерството за внатрешни работи и воспоставување современ модел на полициска организација, која со соодветни средства успешно и ефикасно ќе одговори на заканите по внатрешната безбедност, според принципот на владеење на правото и заштита и почитување на човековите слободи и права; континуирана обука на припадниците на безбедносните служби за запознавање со концептот на вршење надзор и неговото значење за демократијата во едно општество; јакнење на контролната функција на Собранието, како носител на законодавната власт во безбедносниот сектор.

Според препораките на Прибе, односно според вториот извештај, стои дека при изборот на модел со кој се формира Оперативно-техничка агенција не се отстранува сомнежот дека би била можна понатамошна политичка злоупотреба на следењето на комуникациите. Значи, основната реформа треба да започне од реформа во самата служба за безбедност и контраразузнавање. Прво и најбитно е службата да има интегритет, висок степен на професионалност и внатрешни процедури. Потоа се процедурите за прислушување и другите форми на следење. Трети се

Новата оперативно-техничката агенција (ОТА), како самостоен и независен државен орган, се основа за овозможување на непосредно активирање и техничко управување со мерките за следење на комуникациите, како и овозможување пристап до податоци од комуникациско-информациски систем. Оваа агенција е прв чекор за заемна контрола на институциите

контролните механизми. Забелешките на Прибе одат во два правци, како да се регулира следењето на комуникациите и реформите во целокупниот безбедносно-разузнавачки систем, значи не само УБК. Сериозни проблеми во реформирањето и надоградбата на безбедносниот систем, кој професионално и ефикасно би функционирал во справување со новите закани, се и обидите за влијание на политиката во сите пори на општественото живеење, па и во креирањето и функционирањето на безбедносниот систем. Тенденцијата за партизацијата врз безбедносните структури во одредени периоди од развојот на државата првенствено би можел да биде во функција на опстојување на одредена политичка опција на власт или, пак, во функција на освојување на власта, занемарувајќи ја основната надлежност на безбедносниот систем, а тоа се националните и државни интереси. Корупцијата и криминалот не ги заобиколуваат и поединците, припадници и на безбедносниот систем на Република Македонија, како појава која не ги иззема и поироките светски простори. Криминализацијата на поединци од безбедносниот систем се одвива преку вмешаност на поединци од безбедносните структури во криминални активности. Со корупција и криминализација на тој безбедносен сегмент се остава простор за влијание преку ослабување на моќта на безбедносниот систем, чија основна задача е справување со тој вид закани. Оттаму се посочува дека во државите, а особено во поавторитативните, е важно да постојат правни и институционални механизми коишто ќе ја спречуваат злоупотребата на безбедносните и на разузнавачките агенции против домашните политички противници (Борн Х., Ли И., 2005).

### Гаранција за заштита од нелегално прислушување

Со зајакнување на контролата врз системот за следење на комуникациите се оневозможува или барем ќе се доведе на минимум можноста за негова злоупотреба. Ефикасна и ефективна контрола е клучот на заштитата од злоупотребата на системите за прислушување. Во согласност со реформите, контролата врз работата на Оперативно-техничката агенција ќе ја има директно Собранието, а контрола ќе можат да вршат и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Дирекцијата за заштита на лични податоци, Народниот правобранител и Советот за граѓанска контрола. Собранието тоа ќе го прави преку надзорните комисии, но за разлика од претходно, сега тоа ќе го врши без претходна најава и најмалку еднаш во три месеци, а ќе го прави зајакната со технички експерти кои ќе може да утврдат неправилности. Советот за граѓанска контрола е ново тело со кое на

граѓанските организации ќе им се даде законска можност, а на субјектите обврска да бидат контролирани. Советот ќе постапува по сопствена иницијатива или по претставка на граѓанин но, пред се, ќе има законска можност да ги држи „будни“ и да ги контролира субјектите кои имаат право да вршат надзор. Ова тело ќе може да влезе и во ОТА и во органите надлежни за следење. За констатирана злоупотреба Советот веднаш го известува Јавниот обвинител на Република Македонија. Ова е прв пат на граѓанските организации да им биде дадена можност да извршат контрола во орган кој е овластен за следење на комуникациите, со што се даваат реални решенија за елиминирање на можности кои предизвикуаат повреда на човековите слободи и права.
Со донесувањето на новиот Закон за следење на комуникациите и Законот за оперативно-техничка агенција, Република Македонија се наоѓа на вистинскиот пат на реформите во системот на безбедност, но секако претстојат уште многу реформи да се спроведат за да се заврши целиот процес. Владата на Република Македонија минатата година потпиша Меморандум за разбирање за имплементација на реформа на Секторот за безбедносните и разузнавачките служби на Република Македонија за периодот од 2017-2020 со Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (ДКАФ). ДКАФ е меѓувладина фондација во чиј основачки одбор Република Македонија членува од 2000 година. Со ова партнерство добиваме тематско знаење, правна анализа и експертиза, како и практична помош приспособена на потребите за стратегиски пристап кон реформите. Потпишувањето на овој меморандум е важен печат за гаранција на контролните механизми со новиот законски пакет за реформи во разузнавачкиот систем и за заштита на човековите слободи и права. Важно е при вработување на нови кадри во безбедносните служби на Република Македонија да има селекција, при што најпрво ќе се избираат кадри кои имаат соодветно образование (високо образование од областа на безбедноста и правото), ќе се врши детаљна безбедносна проверка на кандидатите како и детални здравствени прегледи. Овој вид на проверки треба да се вршат и во текот на работниот век на припадниците на безбедносните служби и ако некој престанал да ги исполнува критериумите да биде преместен на друго работно место. Исто така, вработените треба континуирано да се обучуваат, да посетуваат обуки од областа со цел да бидат професионалци во својата работа.
Најважно од сè е да се запре политичкото влијание врз работата на безбедносните служби. Наметнувањето на политичките партии во работата на безбедносно-разузнавачките служби, кое се должи на политичката припадност на службениците од највисок ранг, неповолно влијае врз квалитетот на работата на разузнавачките служби и ја деградира професионалноста на институциите. Во Република Македонија секогаш кога се менува владата и кога нова партија ја презема власта, поголемиот дел од кадарот се менува, а со тоа се губи вредно знаење стекнато преку обуки и искуство.
Спроведувањето на препораките од Извештајот на Прибе е еден од најтешките предизвици со кои се соочува сегашната Влада (и со кои многу веројатно ќе се соочуваат и идните влади) – формирање на професионални безбедносни служби во служба на сите граѓани и заедници во земјата и во служба на националните интереси. Краткорочно, главниот предизвик е брзо да се спроведат препораките од Извештајот на Прибе, но без да се компромитира националната безбедност и ефикасноста на борбата против организираниот криминал. Притоа најголемо внимание треба да се посвети на следниве мерки: брзо спроведување на итните реформски приоритети, првенствено оние кои се однесуваат на укинувањето на посредничката функција на УБК и укинување на директен пристап кон техничката опрема која овозможува следење на комуникацискиот сигнал; формирање на Национален координативен центар за криминалистичко разузнавање, кој делотворно ќе ја овозможи соработката меѓу органите за спроведување на законот и кој ќе биде одговорен за следење на комуникациите во кривични случаи со налог издаден од суд; преземање на итни чекори во правец на професионализација на УБК и утврдување на план за реформа на овој орган; формирање на координативно одделение/воспоставување на механизам при Владата, кој ќе обезбеди дека сите владини органи ефикасно ги обезбедуваат сите докази побарани од Специјалното јавно обвинителство; обезбедување на неопходните ресурси на собраниските надзорни комисии за да се обезбеди капацитетот за ефективен надзор; средноорочно и долгорочно, Владата треба да се наврати на прашањето на Националната безбедносна стратегија, потпирајќи се на дефинираните национални интереси на земјата и мерките за градење на доверба меѓу заедниците. Исто така, би можел да се преиспита и моделот на собраниска контрола за да се обезбеди поголема ефикасност.

Марија Симонова





# Вооружените сили на Естонија

Вооружените сили на Естонија се состојат од компонента за административни работи и обука и оперативна компонента која се состои од: копнена војска, воздухопловни сили и поморски сили. Основна мисија на ВС е одбрана на државата и учество во меѓународните безбедносни активности и мировни операции. Главни задачи на копнените сили се: одржување на висока борбена готовност, одбрана на државата од копно, обезбедување на витални стратегиски објекти, и учество во меѓународни мировни мисии. Во состав на копнените сили од мирновремениот состав се: 1. пешадиска бригада (главна маневарска единица) во состав:пешадиски баталјон „Kalev“, покрај другото наменет е и за обука на резервните маневарски и единици за поддршка; извидувачки баталјон (со целосно активен состав), единица со висока борбена готовност, за учество во меѓународни операции предводени од НАТО, ЕУ или ОН и за учество во

Естонија го започнала нејзиниот пат кон полноправно членство во НАТО уште од 1994 година, кога станала членка на НАТО-програмата „Партнерство за мир“. Покана за членство од НАТО официјално добива во 2002 година, а полноправна членка станува во 2004 година. Во исто време станува и членка на ЕУ. Во Шенген-зоната е од декември 2007 година







опрема поседува авиони: борбени: L-39C Albatros и транспортни:An-2 (руски); хеликоптери: R-44 Robinson (САД); бродови: патролни и за деминирање; оклопни транспортери: БТР 80 (руски) и XA-180 Sisu (фински); артилерија: хаубици: 105мм M61-37 (фински), 122мм H63 (руски) и 155мм FH-70 (германски); минофрлачи:81мм NM95 иB455, 120мм m41D (шведски) и SMM 74 B1 (бугарски); противтенковки ракети: GM Mapats (израелски) и Milan (германски); противавионски систем (интероперабилен со НАТО): Mistral-2 (француски), комуникациски систем, радари (Жирафа) и систем за командување и контрола. Во 2013 година биле набавени и станале оперативни два радари Ground Master 403. Во 2015 година била извршена и набавка на беспилотни летала наменети за следење на илегалните гранични премини и криминални активности.
Естонската одбранбена лига е национална, неполитичка, доброволна организација, дел од одбранбените сили, под контрола на Министерството за одбрана. Составена е од 16.000 членови. Заедно со придружните организации, бројот на доброволци достигнува до 26.000. Составена е од активни членови, почесни членови, поддржувачи и подмладок. Формирана е во 1990 година како доброволна воена формација,одговорна за територијалната одбрана на Естонија и со главна цел обезбедување на капацитети и способности за брза реакција на ВС.
Во 1992 година била присоединета кон естонските ВС. Со подзаконски акти се пропишани внатрешната структура, процедурите, релациите со активната компонента, кодексите на однесување, интерната администрација и други важни прашања кои се однесуваат на Лигата. Оперативно, таа служи како активна резерва. Задачите ги извршува со формирање на борбени единици за брза реакција и со формирање, обука и одржување на тимови за брза реакција. Најголем дел од оружјето, обуката и финансиите ги добива од буџетот на МО, членовите и од Фондацијата на Лигата.
Естонија ги пополнува своите армиски единици со регрути и волонтери. Регрутирањето се врши на територијален принцип. Естонските одбранбени сили се структурирани според принципот на резервна сила, што значи дека најголемиот дел од ВС на државата се единици во резерва. Естонските ВС се состојат од активен персонал од околу 6.000, од кои околу половина се регрути. Копнената војска има околу 5.500 воени лица (вклучувајќи и околу 2.500 регрути), морнарицата 200 и воздухопловните сили 300 лица. За време на војна, вкупната бројка на воен персонал изнесува околу 60.000.Плановите за пополнување со персонал од 2012 година, предвидувале регрутирање на 3.200 лица и зголемување на професионалниот состав.
Естонија вложувала напори за достигнување на нивото од 2% од БДП за финансирање на одбраната во периодот од 2000 до 2010 година. Во 2011 година тој процент изнесувал 1,9%, а веќе во 2012 година, естонската влада објавила дека ја постигнала целта од 2%.
Центар за совршенство за НАТО-кооперативна сајбер одбрана во Талин е акредитиран истражувачки центар за обука од страна на НАТО, воена организација која е фокусирана на интердисциплинарни применети истражувања и развој, како и консултации, обуки и вежби во областа на сајбер-безбедноста.
Со плановите за развој на одбраната, Естонија има проектирано модернизација и набавки за потребите на армијата. Според плановите, 1. пешадиска бригада би била механизирана единица, опремена со тенкови „Leopard“ и 44 нови борбени оклопни возила CV9035NL (холандска варијанта на шведскиот CV90), оклопни транспортери PASI XA-180 EST (фински) и самоодна артилерија 155мм. Во состав на двете бригади би требало да се најдат и противтенковски ракетни системи Javelin (САД). 2. пешадиска бригада својата целосна борбена готовност би требало да ја постигне до 2022 година. Таа во својот состав би требало да има и хаубици 155мм. Резервните единици за брза реакција, наместо сегашните 18.000 би требало да бројат персонал од 21.000. Вкупниот број на резервен состав (од примарниот состав и дополнителното пополнување) би бил зголемен на ниво од 90.000 персонал.

## Естонија и регионалната соработка

Кон проектот на 14 земји-членки на НАТО, Alliance Ground Surveillance (AGS), систем кој овозможува сеопфатен приказ на боиштето, потребно за правилно донесување на воени одлуки на теренот,Естонија пристапила со потишување Меморандум за разбирање во 2009 година. На НАТО самитот во 2011 година во Лисабон, AGS бил претставен како една од најитните потреби на НАТО, означувајќи значаен чекор кон зголемена оперативност. Според плановите, овој



Врховен командант на ВС на Естонија е претседателот на државата. На предлог на претседателот, да објави воена состојба и мобилизација ,овластен е Парламентот. Началникот на ГШ во мирно време командува со регуларните одбранбени сили и со Одбранбената лига, и е одговорен за нивната борбена готовност. Министерството за одбрана е задолжено за спроведување на националната одбранбена политика, финансиите и одржувањето на воените технички, материјални и медицински капацитети на одбраната. Во рамките на цивилната контрола на војската, буџетот за одбраната го одредува Парламентот

проект треба да биде завршен оваа година. Проширувањето на соработката со Финска во рамките на НАТО (иако Финска не е членка на НАТО, но е активен партнер и контрибутор во НАТО-операциите) било означено со потпишување договор за заеднички набавки во областа на одбраната, од страна на министрите за одбрана во 2013 година.

Естонија веќе долго време негува блиски односи со соседите од Балтикот. Во рамките на НАТО, воената соработка станала поинтензивна. Естонија, Латвија и Литванија постигнале согласност за повеќе заеднички проекти. Во рамките на таа соработка, во областа на одбраната биле потпишани повеќе договори: за заеднички развој на Балтичкиот одбранбен колеџ (заедничка воена образовна институција за обука на високи штабни офицери) - BALTDEF-COL, Балтичката мрежа (информатички систем)за набљудување на воздушниот простор-BALTNET, Балтичкиот поморски сквадрон–BALTRON, Балтичкиот баталјон (здружен пешадиски баталјон за меѓународни НАТО операции) – BALTBAT. Сите тие проекти успешно ја промовираат регионалната соработка меѓу вооружените сили на Естонија, Литванија и Латвија. Проектот BALTDEF-COL бил иницирант уште во 1998 година, со цел обезбедување обука за офицери и цивили. По завршување на студиите, дипломираните студенти се оспособени за работа во меѓународни штабови, на должности началници на штабови во пешадиски бригади и повисоко, да работат на креирање долгорочни политики и за позиции во Министерството за одбрана или Генералштабот. Првата генерација на слушатели започнала во академската 1999/2000 година.Првиот офицер од Република Македонија на овој колеџ дипломираше во 2005 година.

Одлуката на балтичките држави за координирање на активностите за заедничко надгледување на воздушниот простор бил постигнат во 1994 година. Целта на иницијативата BALTNET (Baltic-AirSurveillanceNetwork) е воспоставување унифициран систем за надгледување на воздушниот простор во сите три балтички земји и постигнување компатибилност со западните и НАТО-системите за противвоздушна одбрана. Реализацијата на проектот започнал со воспоставување на Регионален координативен центар за надзор на воздушниот простор (RASCC) во 2000 година во Литванија. RASCC почнал да добива податоци за планови за прелети на воздухоплови и радарски податоци од националните цивилни и воени радари, со цел создавање приказ на ситуацијата во воздушниот простор. За извршување на овие задачи, и националните системи за надгледување на воздушниот простор биле надградени со цел исполнување на стандардите на НАТО. Од 2005 година, системот е поврзан со единствен систем на НАТО и податоците од BALTNET се користат во повеќе НАТО-системи за командување и контрола. Тој е и составен дел од НАТО-интегрираниот противвоздушен и ракетен систем за одбрана NATINAMDS.

Проектот BALTNET е на листата на краткорочни стратешки приоритети на Естонија, како важен чекор кон постигнување целосна контрола на воздушниот простор над државата и вкупниот развој на естонските воздухопловни сили.

Здружениот балтички поморски сквадрон (BALTRON) бил формиран



во 1997 година со цел соработка меѓу поморските сили на Естонија, Латвија и Литванија, зајакнување на способностите на истите и координирање на извршувањето на разни поморски задачи. Меѓутоа, најважна мисија на BALTRON е чистење на поморски мини и операции за барање и спасување во Балтичкото Море. BALTRON е составен од Здружен штаб (персоналот ги пополнува позициите на ротирачка основа) и еден или два бродови за деминирање од морнариците на Естонија, Латвија и Литванија. За командување и поддршка е обезбеден уште еден брод посебно. BALTRON, исто



Естонските ВС даваат придонес во рамките на ОН: UNIFIL (Либан) од 2015 година, со пешадиски вод и штабни офицери; UNTSO (Среден Исток) од 1997 година со воени набљудувачи; MINUSMA (Мали) од 2013 година. Во рамките на ЕУ: EUTM (Мали) од 2013 година; EUNAVFOR MED (Медитеран) од 2015 година со штабни офицери. Во рамките на НАТО: ResoluteSupport (Авганистан) од 2015 година; KFOR (Косово) од 1999 година со штабни офицери. Во состав на коалициски сили: InherentResolve (Ирак) од 2016 година

така е дел од структурата за обука на НАТО единицата за деминирање.
Во 1994 година бил постигнат договор за формирањето на BALTBAT, балтичка мировна единица - пешадиски баталјон, оспособен за учество во мировни операции и придонес кон регионалната безбедност. Првото мировно искуство баталјонот го стекнал на Балканот, кога една чета била во состав на UNMIBH во Босна и Херцеговина во 1998 година. Во состав на баталјонот, Естонија учествува со персонал од околу 200 лица, Литванија со околу 600, и Латвија со неколку штабни офицери (многу помалку од планираниот персонал од 250). Баталјонот е базиран во Латвија. Ваквата регионална соработка продолжила со реализација и на други заеднички проекти. Во 2015 година бил потпишан заеднички меморандум за разбирање за воспоставување елемент на Комбинираниот здружен штаб на балтичките земји (Baltic Combined Joint Staff Element). Структурата е со цел зголемување на соработката меѓу трите држави во вонредни ситуации. Истата година објавиле дека ја разгледуваат и можноста за развој на заеднички систем за противвоздушна одбрана со среден дострел. Заедничките проекти кои во моментов се спроведуваат вклучуваат: формирање систем за менаџирање со лица евидентирани за вршење воена служба BALTPERS, формирање на балтичка медицинска единица BALTMED, развој на заеднички балтички логистички систем BALT-LOG, воспоставување унифициран балтички информатички систем BALTC-CIS, воспоставување линк за учење од далечина BALTDISLEARN, и развој на соработка во областите на заштита на животната средина.

М.С.





# Рефлексивна контрола со оперативен дизајн

Современата технологија денес го олеснува менаџирањето со перцепцијата. Секој може да влијае врз луѓето, во помала или во поголема мера. Тоа што во војската се нарекува „стратегиски наредник“, може да биде секој со „смартфон“ во раката. Преку социјалните мрежи молскавично се пренесуваат информациите и дезинформациите, толку брзо што додека се демантира лагата, веќе е доцна. Ова предизвикува ефекти во две крајности. Од потполно неверување и скептицизам на сѐ што ќе се прочита, до потполно прифаќање на сѐ што ќе се прочита. Двете појави вешто се користат од актери кои спроведуваат рефлексивна контрола. Вистината се демантира, а невистината се потврдува како точна. Ова на глобално ниво предизвикува тренд на ерозија на доверба во општеството. Со примена на оперативен дизајн може делумно да се намали штетата на рефлексивната контрола врз мала држава. Дизајнот е сфаќање на оперативното опкружување, дефинирање на проблемот и развој на оперативен пристап. Првото е да се сфати кој што прави во оперативното опкружување: актерите, заинтересираните страни и жртвите на рефлексот. Преку холистички пристап може да се откријат сите елементи во набљудуваниот систем, што може да биде многу голем, како на пример Балканскиот регион. Тука се користат одредени елементи на дизајнот, како состојба и услови или историски контекст на актерите. Дефинирањето на проблемот значи откривање што точно се прави, кој е рефлексот и која е целта на дејството на актерот. Проблемот треба да се стави во контекст на неговите намери. На крајот, дизајнот овозможува алатки за да се направат сценарија. Оној кој применува рефлексивна контрола планира неколку сценарија.Целта на третиот чекор овозможен од дизајнот е процена на противничките контрапотези на сопствените за да не му се дозволи на иницијаторот да биде неколку чекори пред жртвата. Таа мора да предвиди што очекува иницијаторот за секое сценарио и што тој би направил потоа. Ова е одговор на рефлексивната контрола кој е предвидлив, а не рефлексен, и со тоа се намалува празнината во потезите меѓу иницијаторот и жртвата. Одбраната се состои од идентификување на ризикот и можностите за секој потег



и правење на што е можно повеќе претпоставки за секој факт. Анализа со оперативен дизајн започнува со преглед на состојбата и условите во опкружувањето. Тука спаѓа противничката сила, организација, доктрина, политика, идеологија, сè до психологијата на дејствување. Дизајнот потоа ги дефинира крајните цели на противникот. Само овие два елементи се доволни за да се забележи дали противникот користел, користи или ќе користи рефлексивна контрола. Доколку целите се недостижни и нереални во однос на состојбата и условите, тогаш противничката стратегија очигледно е обид за примена на рефлексивна контрола. Појдовна точка за заштита од ова е издвојување на фактите од претпоставките. Многу често се паѓа во логичка замка и одредени претпоставки заради пристрасност, за кои веруваме дека се факти. Ако не се разграничат фактите од претпоставките, при употреба на метод на рефлексивна контрола, може да се планираат погрешни чекори во последователните сценарија. Ако претпоставките се погрешни, ќе биде погрешна и процената на ризик од секој чекор и со тоа ќе се прават погрешни следни чекори за кои нема план. Затоа, за да се заштитиме од рефлексивна контрола, потребна е прецизна анализа на ризик за сите можни сценарија. Потврдување на валидноста на претпоставките е стандардно побарување, но доколку сакаме да бидеме неколку чекори пред противникот, постои нов момент во дизајнот, а тоа е преточување на претпоставките во факти. Оперативниот дизајн овозможува сфаќање на комплексни средини, разбивање на проблемот на неговите составни делови и нивно поединечно решавање за полесно да се реши целиот проблем. Таа има стратегиска природа и предвидува симултани проблеми кои му се задаваат на противникот во зависност од неговата реакција. За да се предвиди што противникот очекува и што ќе направи во различни сценарија, неопходна е креативност и критичко размислување. Бидејќи е очигледно кога некој го нарушува процесот на донесување на одлуки, идејата за рефлексивна контрола е тоа да се направи незабележано. Жртвата не смее да се сомнева дека е изиграна, а на крајот треба да личи како тоа да се нејзини идеи и планови. Затоа индикатор за рефлекс е кога процесот не се нарушува туку се насочува. За да се наведе жртвата да постапи во посакувана насока, потребно е да се знае нејзината првична намера, да се пронајде нејзината најслаба алка




Оперативниот дизајн како алатка која користи холистички пристап за длабока анализа со помош на модели за системско размислување, може ефикасно да ја поддржи рефлексивната контрола

и да се искористи како предност. Во ситуација кога се употребува рефлексивна контрола, подобра шанса има оној кој поседува подобри способности да одговори на рефлексот. Ова значи способност за брзо приспособување на новонастанатата состојба. Затоа во современите доктрини се нагласува дека силите мора да бидат флексибилни. Иако се вежба детално планирање, се очекува тоа да биде за што е можно пократко време. Од лидерите се бара да одлучуваат брзо, а правилно. Брзината е суштинска за двете страни: за жртвата, брзината е живот и шанса да го стигне противникот во замисленото сценарио. Иако има предвидено што ќе прави следно, брзиот одговор е понеповолен за него. За иницијаторот, брзината е исто така суштинска. Иако ја довел жртвата во посакувана состојба, брзото делување значи брзо користење на таа предност. Една од најчестите замки во логиката е т.н. „пристрасно потврдување“, кога се препознаваат, се бираат и се прифаќаат само оние информации кои го потврдуваат однапред донесениот заклучок. Ова е систематска грешка кога се користи индуктивен метод во размислувањето. Селективното прифаќање само на оние информации кои се корисни да потврдат однапред одредена хипотеза се опасни на боиштето. На оперативно ниво, планерите не сакаат да излезат лоши пред шефот и бараат докази за да го потврдат тоа што тој сака да го слушне и ги отфрлаат фактите кои може да го нарушат концептот на операции. На стратегиско ниво, може да се случи грешка поради занемарување на информации за да не се доведе во пропаст целата стратегија. Пристрасно или субјективно толкување на информациите е катастрофа за планирањето и тоа му помага на иницијаторот на рефлексивната контрола. Иницијаторот го користи пристрасното потврдување како слабост на тој начин што ѝ пласира на жртвата информации кои се точни и привлечни за да ја наведе да одлучи погрешно. За ова да биде успешно, иницијаторот треба да го знае планот или опциите на жртвата. Повеќе испитувања во психологијата покажале дека луѓето најчесто се пристрасни и тежнеат да си ги потврдуваат своите лични ставови. Самокритиката е ретка особина. Истовремно, утврдено е дека луѓе со одреден профил се многу посклони кон пристрасно потврдување. Тука се истакнуваат три карактери: луѓе со преголема самодоверба, луѓе кои се грижат и луѓе со поглед на светот како на опасно место. Последните се војниците. Затоа и кога состојбата е лоша, војникот е воспитан да рапортира дека „се е во ред“. Колку и да е тешко, војникот известува дека „може да се направи“.Нема потреба да се наведуваат историски примери за грешки кои потекнуваат од логичката замка на пристрасно потврдување. Тоа што треба да се знае е дека рефлексивната контрола токму тоа ќе го експлоатира.

Ѓорѓи Вељовски



# Процена на ризикот од тероризам и неговите компоненти

Различната перцепција за ризик од тероризам често претставува причина за несогласување околу реалната процена на ризикот на кој се изложени одредени субјекти,поголеми светски центри или региони. Во одредени случаи, постојат аргументи кои имплицитно се во корелација со ризикот од терористичка закана. На пример, во случај кога постојат разузнавачки информации дека одреден град во Европа, кој е од интерес за одредена терористичка организација, претставува цел за терористички напад, тогаш овој аргумент би го поддржало тврдењето дека овој град има висок ризик од тероризам. Спротивно на ова се

> Процената за ризикот од тероризам ги претставува очекуваните последици од извршен терористички напад, земајќи ја предвид веројатноста за нивно извршување и успешност. Врз основа на теоријата за веројатноста, ризикот од терористички напад од одреден тип повлекува безусловно очекувана вредност на оштетување или причинета штета





тврдењата дека ризикот од извршување на терористички напад е поголем, односно одредена област или град е изложен на поголем ризик доколку има ранлива инфраструктура која ќе претставува логична цел за терористите. На пример, дури и да не располагаме со разузнавачки информации за закана кон одредена нуклеарна централа, тој објект треба да биде вклучен во разгледување како потенцијален ризичен објект во одредена област, со нагласени можни последици од извршен терористички напад. Друг пример е ако две населени места - градови имаат слични капацитети за складирање на хемикалии. Во едниот капацитетите се лоцирани близу центарот на градот, а во другиот на периферијата. Објектот за складирање на хемикалии кој е лоциран во центарот на населеното место претставува доволен аргумент дека истиот претставува поголем безбедносен ризик. Можеме да констатираме дека заканите, ранливоста/слабостите и последиците имаат значајна улога во проценката на вкупниот ризик на кој се изложени населените места. Тоа што не е до крај разјаснето е интеракцијата помеѓу овие три компоненти.

терористичка цел, од одреден вид на напад. Кога нивото на закана е дефинирано во однос на конкретната цел, со комбинацијата на можни напади во одредена временска рамка, веројатноста се користи како мерка за можност дека ќе се случи напад.
Во согласност со горенаведеното, нивото на заканата можеме да го дефинираме според степенот на веројатноста дека кон одредена цел е можен напад, во одреден временски период и на одреден начин.
Овој начин на определување на степенот на заканата е зависен од специфичноста на типот на нападот и типот на специфичната цел. Односно, за одредени објекти, (на пример споредба помеѓу стадион и облакодер), заканата од напад со радиоактивен материјал е на различно ниво во однос на напад со огнено оружје или, пак, напад изведен со експлозив.
Деталната анализа на заканата на која е изложена одредена цел, бара разгледување на секој можен тип на напад посебно. Меѓутоа, во практика, кога се изработува анализа и процената од заканата, се практикува фокусот да се стави на ограничен број на карактеристични напади како што





## Закана и ниво на закана

Искажаната намера и докажаната способноста за реализирање на терористички акт од страна на терористичка организација или поединец врз одредена целна група која е незаштитена и ранлива, претставува почетна основа за процена на заканата. Без намера и способност или обратно, без способност и намера, нема закана. Односно заканата реално постои само кога и двете компоненти заедно се манифестираат против одреден субјект. За распределување на ресурсите за заштита на националната безбедност и критичната инфраструктура потребно е одредување на нивото на заканата за одредена потенцијална конкретна

се хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни напади и напади со експлозивни направи. Слично на ова, а во врска со типот на објектот кој е под закана, фокус се става на ограничен број на слични објекти или група на цели во одреден регион.

## Ранливост

Јасно е дека не се сите закани подеднакво важни. Заканата од тероризам е динамична бидејќи е приспособлива на моменталните услови кои влијаат на веројатноста за успешност на нападот. На пример, доколку за еден хотел и воена база која е обезбедена има еднаква веројатност да бидат нападнати со



автомобил-бомба, поверојатно е дека нападот врз хотел ќе предизвика поголема штета и ќе ја исполни целта на терористичката организација. Затоа, за изработка на процената е потребно прецизно дефинирање за ранливоста на одредена критична инфраструктура, што ќе ги опфати сите потребни информации кои ни се од интерес. Може да заклучиме дека, ранливоста претставува манифестација на една инхерентна состојба, односно претставува траен и неразделен елемент на системот (физички, технички, организациски, културен). Тоа е состојба којашто за одредена критична инфраструктура претставува слабост и подложност на оштетување во случај на конфликт или на напад од страна на противникот. Односно, заканата може да се перцепира како оптоварување на системот, а преку ранливоста, во суштина, ќе го согледаме капацитетот на системот да ја одврати и да одговори на заканата.

Ранливост претставува веројатноста за предизвикување на жртви, повреди, штета врз имот или други штетни последици при одреден тип на терористички напад, во одредено време врз одредена цел.

Со други зборови, ранливоста може да се претстави како веројатност дека при извршен напад врз одредена цел или објект ќе се предизвика одредена штета. За тој објект или цел, со посебни параметри треба да се изработи процена за ранливоста од смртни последици, од повреди или од штета по имотот. Треба да се напомене дека висината на сторената штета не е дел од дефиницијата за ранливост. Овој начин го поедноставува мерењето на ранливоста, бидејќи нападот се смета за успешен само кога има причинета штета т.е. напад без причинета штета се смета за неуспешен. Поопширен модел на дефинирање на ранливоста се користи при изработка на воени анализи во кои се разработува поголем спектар на нивоа на предизвикување штета, а секое ниво е претставено со своја веројатност. Во суштина ова претставува еден одбранбен механизам, преку кој има можност за поединечно разграничување на секое можно ниво за предизвикување штета.

## Последици

Последиците може да ги дефинираме преку магнитудата и видот на штетата која е причинета по успешно извршен терористички напад. За да се измери последицата повторно е потребна специфичноста.

Односно, последицата претставува очекувана големина на штета (смртни случаи, повреди или штета на имот), причинета од специфичен терористички напад, во одредено време, којшто резултирал со оштетување на одредена цел.

Последиците се детерминираат од многу неизвесни фактори - брзината на ветрот или релативната влажност на воздухот би можеле да бидат важен фактор при евентуален биолошки или хемиски терористички напад.

Исто така, последиците можат да бидат изразени преку економски загуби, повреди, смртни случаи или други видови штети. Можат да бидат разгледувани и други аспекти на последиците. На пример, од големо значење се последиците од штетата или оштетувањето по одредена критична инфраструктура, којашто предизвикала повреди, смртни случаи или економски загуби надвор од периметарот на непосредниот напад.

> За распределување на ресурсите за заштита на националната безбедност и критичната инфраструктура, потребно е одредување на нивото на закана за одредена потенцијална конкретна терористичка цел, од одреден вид на напад. Кога нивото на закана е дефинирано во однос на конкретна цел, со комбинацијата на можни напади во одредена временска рамка, веројатноста се користи како мерка за можност дека ќе се случи напад










Овие анализи можат да доминираат во пристапот кон процената на ризикот на начин кој е транспарентен и важен за донесување на политички одлуки во демократските држави. Или, со други зборови, процената за ризикот од тероризам ги претставува очекуваните последици од извршен терористички напад, земајќи ја предвид веројатноста за нивно извршување и успешност. Врз основа на теоријата за веројатноста, ризикот од терористички напад од одреден тип повлекува безусловно очекувана вредност на оштетување или причинета штета.
Процената или мерењето на ризикот од тероризам не е целосно без рамка која ќе ја опфати анализата на заканата, ранливоста и последиците. За да се воспостави специфична рамка за анализа, развиваме дефиниции за заканите кои ги претставуваме како надворешни динамички сили кои дејствуваат на потенцијалните цели или инфраструктурата, и ранливоста како посебна особина за секоја цел посебно.

Заканите, ранливоста и последиците имаат значајна улога во процената на вкупниот ризик на кој се изложени населените места. Тоа што не е до крај разјаснето е интеракцијата помеѓу овие три компоненти

Магнитудата на заканата и ранливоста заедно ја дефинираат веројатноста дека одредени специфични терористички напади можат да бидат реализирани во одреден временски период и ќе предизвикаат одредена штета. Методите кои се користат за процена на заканата се квалитативно различни од оние што се користат за мерење на ранливоста и последиците. Првите се потпираат на собирање и толкување на разузнавачките информации. Вторите бараат научна и стручна експертиза за начините на можни напади и одговор на истите. Конечно, заканата, ранливоста и последиците, се меѓусебно зависни, додека тероризмот и националната безбедност се во постојана трка за подобрување на нивната ефикасност. Може да заклучиме дека, интеракцијата меѓу заканата, ранливоста и последиците имаат големо влијание врз процената на ризикот од терористички напади, процена која е во интерес на националната безбедност на современите демократски држави.

д-р Ненад Танески


СЕКОГАШ И СЕКАДЕ ПРВИ
1994
2019
МАКЕДОНСКИ ВОЛЦИ



# „Kriss Vector"

Компактното модуларно оружје „Kriss Vector" е развиено од американската компанија „Transformational Defence Industries,", која била дел од швајцарската компанија „Gamma Industries". Во основа оружјето „Kriss Vector" потекнува од прототипот Kriss Super V, кој е развиен и презентиран во 2006 година, а од кој е преземан модифицираниот принцип на дејство.

Модуларното куќиштето на „Kriss Vector" е дводелно, изработено од прецизно лиен полимер, зајакнат со стаклени влакна, додека металните делови се изработени од А2 и 4340/ 4140 хром молибдем челични легури. Спојувањето помеѓу горното и долното куќиште се изведува со помош на 4 чивии кои овозможуваат лесно и брзо основно расклопување и склопување на оружјето, без да се користат посебни алатки. На горниот и на долниот дел од куќиштето стандардно се поставени „Picatinny" шини. Горната шина е со должина од 334 mm, а долната 85 mm. Но, по потреба, 2 мали шини може да се поставаат и на предните бочни страни од оружјето. Овие шини овомোжуваат поставување на широк спектер на опрема, како на пример: дополнителна предна рачка, монтажни преден и заден механички нишан, колиматорки, оптички, ноќен и ласерски нишани и тактичко светло. Инаку предните механички нишани, модел Magpul MBUS® се специјално развиени за ова оружје и можат да се склопуваат но и да се приспособуваат по правец и височина. На полуавтоматските верзии на горното куќиште над задниот ракофат двострано е поставен лост на кочницата, додека на автоматската верзија освен лостот на кочницата, на средината од горното куќиште двострано е поставен и посебен лост за селекторот на стрелба со 3 позиции: единечна стрелба, рафал од 2 куршуми и рафална стрелба. Во горното куќиште е сместено чкрапалото со неговиот механизам и удирачот на ударната игла. На предниот дел од горното куќиште има мал простор кој може да се искористи за поставување на тактичко светло, додека од десната страна е отворот за исфрлување на чаурите. Во склоп на долното куќиште се: цевката, затворачот, лизгачкиот тег (носач на затворачот) со водиштето и повратната пружина, копчето на ослободувач на затворачот, рамката за муниција и копчето за утврдување/ ослободување на рамката за муниција, рачката за репетирање (поставена од левата страна) и друго.

По желба на корисникот на оружјето може да се постави склопувачки кундак (кој се склопува на десната страна) или фиксен кундак, кој може да се приспособува според потребите на стрелецот. На цевката по потреба може да се постави придушувач на истрел. Рамката за муниција за куршумот .45 ACP е преземена од Glock 21 и поседува капацитет од 13 куршуми, но развиена е и рамка со капацитет од 25 куршуми.

Оружјето функционира на принципот одложено трзнување на затворачот. Иновативноста во функционирањето на Kriss Vector се гледа во неколку сегменти. На пример лежиштето на цевката е сместено во линија на раката која дејствува на чкрапалото и поиновативното решение е користење на еден вид ,,лизгачки противтег" (кој има улога и на носач на затворачот), кој се движи под променлив агол надоле, придонесувајќи енергијата на движење по механички пат значително да се анулира, овозможувајќи намалување на отскокот т.е. зголемување на прецизноста, подобро групирање на погодоците и поголема ефикасност на дејство при единечна и рафална стрелба. Според тврдењата на производителот, автоматот може да истрела 5.000 куршуми без да има некаков застој. Теоретската брзина на стрелба на автоматскиот модел изнесува 1.200 куршуми во минута, а ефикасното дејство на оружјето изнесува околу 100 m.

Од фамилијата „Kriss Vector" се равиени 2 генерации кои меѓусебно поседуваат одредени разлики. Воено-полициската верзија е автоматска и се произведува во калибрите за следните типови муниција 9x19 mm и .45 ACP. За цивилниот пазар се произведуваат полуавтоматските верзија CRB, SBR и SDP за следните типови муниција: 9x19 mm, 9x21 mm,.45 ACP,.357 SIG, .40 S&W, 10 mm AUTO.

Денес во светот за потребите на воено-полициските единици оружјето е набавено од следните држави: САД, Филипини, Тајланд и Индонезија.

Ивица Дамески




1. Монтажен преден механички нишан
2. Склопувачка рачка за репетирање, која не се движи при стрелба
3. Спојна чивија
4. „Picatinny" шина
5. Затворач
6. Горно куќиште на оружјето
7. Носач на затворачот со шина која го контролира движењето на затворачот
8. Спојна чивија
9. Чкрапало
10. Лост на кочницата
11. Монтажен заден механички нишан




12. Кундак
13. Заден ракофат
14. Магацин во ракофатот
15. Спојна чивија
16. Водиште со повратна пружина
17. Помошен одбојник на носачот на затворачот
18. Спојна чивија
19. Рамка за муниција
20. Долно куќиште
21. Преден ракофат
22. Копче за утврдување/ ослободување на рамката за муниција
23. Цевка
24. „Picatinny“ шина
25. Придушувач на истрел





| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „KRISS VECTOR“ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ВЕРЗИИ | CRB | | SBR | SDP | |
| КАЛИБАР | .45 ACP | | .45 ACP | .45 ACP | |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 140 mm | 165 mm | 406 mm | 140 mm | 165 mm |
| ДОЛЖИНА СО РАСКЛОПЕН КУНДАК | 610 mm | 635 mm | 895 mm | / | / |
| ДОЛЖИНА | 394 mm | 429 mm | 673 mm | 425 mm | 450 mm |
| ВИСОЧИНА | 175 mm | | 175 mm | 175 mm | |
| ТЕЖИНА ПРАЗЕН | 2.82 kg | / | 3.3 kg | 2.6 kg | / |
| КАПАЦИТЕТ НА РАМКАТА ЗА МУНЦИЈА | 13 и 25 | | 13 и 25 | 13 и 25 | |



# „Максим 9“

## Интегриран придушен пиштол

Максим 9“ претставува еден од најголемите чекори направени во двете технологии, пиштолската и придушувачката. Компанијата „SilencerCo“ го претстави прототипот на „Максим 9“ во септември 2015 година со навистина иновативен дизајн и тоа е првиот практичен, интегрално придушен пиштол. Компанијата „SilencerCo“, со седиште во Јута, САД, годишно произведува околу 120.000 придушувачи. Посветеноста на „SilencerCo“ на едукација и рекламирање на придушувачите на звукот е во согласност со нивната наклонетост кон иновациите. Компанијата ги разви асиметричните придушувачи, модуларните придушувачи, придушувачите за сачмарки и несомнено револуционерниот - интегрално придушен пиштол „Максим 9“. Направен од 102 делови, произведени во САД, „Максим 9“ е со рамка од полимер, во калибар 9мм со фиксна 111,25мм цевка

„Максим 9“ е првиот интегриран придушен пиштол од 9мм во светот, кој може да се носи во футрола и кој е безбеден за слухот при користење на сите видови муниција од 9мм





Популарноста на придушувачите кај љубителите на огнено оружје секако е во пораст, но сепак, тие не се нов изум и всушност датираат од почетокот на 1900-тите. Најверојатно, името на новиот пиштол на „SilencerCo“ е поврзан со дизајнерот на некои од првите придушувачи, Хирам Перси Максим Помладиот, синот на познатиот дизајнер на митралези



и интегриран модуларен, асиметричен придушувач. Најзначајната предност на Максим 9 е тоа што го елиминира непријатното чувство на обичен пиштол со поставен придушувач. Во раката, се чувствува како и обичен пиштол со цевка од 11см. Ако на тоа се додаде прецизноста на фиксната цевка, плус проширениот радиус на нишанење што го нуди, се добива извонредно прецизен, ергономски пиштол што не го оштетува слухот на корисникот. Разновидноста на додатоци кои ги нуди 21 век се достапни за „Максим 9“. Прицврстувањето се остварува преку „Keymod“ точки за прикачување на долната страна на придушувачот. „Максим 9“ користи рамки за муниција од „Глок 17“. Дизајнот на „Максим 9“ им овозможува на корисниците да имаат целосна конфигурација со целосна големина од 273,05 мм, со пригушеност која е проценета на 136 децибели или помалку со употреба на подзвучна или надзвучна муниција. Со отстранувањето на две прегради од придушувачот се намалува целокупната должина на 242,32мм и пиштолот се користи само со подзвучна муниција. За да им овозможи на корисниците избор од стандардна или кратка конфигурација, секој пиштол се испорачува со две групи на водилки. Пиштолите се испорачуваат во конфигурација со стандардна должина. За да се отстранат две прегради и да се намали должината, се одвртуваат двете завртки со шестоаголна глава од предниот дел на пиштолот, се вадат сите прегради, а потоа се одвртуваат водилките пред да се заменат со пократките верзии. На крај се поставува предната преграда, крајната плоча и завртките.
Технологијата што се користи кај „Максим 9“ е преземена од придушувачот кој е применет кај сачмарката „Салво 12“. Пиштолот е модуларно конфигурибилен во две должини. Во целосната должина која изнесува 27,30 см, може да се користат сите видови 9 мм муниција. Малку пократката конфигурација изнесува 24,23 см и се користи само со подзвучна 9 мм муниција. Придушувачот на предниот дел на пиштолот користи серија на прегради и комори за проширување, за да им овозможи на барутните гасови да се прошират, забават и да се изладат. Ова ја намалува брзината и бучавата направена од гасовите додека ја напуштаат цевката. „Максим 9“ нема цевка со дупки издупчени директно на неа, туку целосна, со што ја задржува нормалната брзина на проектилот. Во неговата кратка конфигурација, „Максим 9“ е споредлив со вкупната должина на „Глок 17Л“. Балансот на пиштолот е многу добар. Пиштолот користи сопствено задоцнето дејство на повратен удар со фиксна цевка и тој нема повратно дејство како конвенционалните пиштоли. Наместо тоа, има блок кој се движи на две водилки кои се поврзуваат со куќиштето за цевката. „Максим 9“, наместо интегрирана шина има „Keymod“ точка за прикачување, која често може да се види на пушки. Исто така, има точка за монтирање на нишан со црвена точка. „SilencerCo“ го претстави „Максим 9“ во согласност со кампањата „Fight The Noise“, повикувајќи на укинување на ограничувањата против цивилите да поседуваат придушувачи. Кампањата беше дел од притисокот да се усвои Законот за заштита на слухот, кој неодамна бил вратен во Конгресот. Законот привлече внимание од медиумите поради поддршката на Доналд Трамп Помладиот, кој јавно се залага за дерегулација на придушувачите.
На почетокот на 20 век, фирмата „Maxim Silencer“ развила серија високоефикасни придушувачи на звукот за пиштоли и пушки. Максим ги развил своите придушувачи од лична желба да пука без да ги вознемирува своите соседи. Неговиот прв придушувач бил во можност да го намали звукот на пиштол од калибар .22LR до 30 децибели. Како и да е, јавниот интерес за придушувачите на огнено оружје бил потиснат во 1934 година со донесувањето на Националниот закон за огнено оружје, кој барал секој купувач на придушувач, митралез или оружје со кратка цевка, да плати претерано скап данок од 200 долари. Овој закон имал за цел да помогне во борбата против криминалот и гангстерските војни во 1920-тите и 30-тите години на минатиот век. Сепак, тој закон е во важност и денес. Додека американската цивилна употреба на придушувачи била ограничена со закон, воената употреба на придушувачите зема замав за време на Втората светска војна, развивајќи со сојузниците повеќе успешни дизајни, како што се пиштолот „Велрод“, карабинот „Де Лизл“ и придушениот автомат „Стен“. Иако идејата за интегрално придушен пиштол можеби не е нова, Максим 9 е секако првиот и навидум најиновативен за воведување на цивилниот пазар. „Silencer-Co“ веќе почнал да дистрибуира пиштоли на дилери и се стреми кон тоа пиштолот да оди во продажба. Со препорачаната малопродажна цена на производителот од 1.499 долари, плус дополнителен данок од 200 долари, „Максим 9“ не е конкурент на пазарот со полимерни пиштоли, но неговата единственост и зголемената популарност на придушувачите го прават да има интересна перспектива.

Александар Стојчевски

# „APC PUMA“

## Оклопен транспортер на италијанската армија



Компанијата „Iveco - Torino“ е главен снабдувач на електрични погони во Италија од 1975 година, особено на камиони, тешки возила и повеќенаменски специјализирани возила. Тој е предок на поранешниот француско-италијански-германски конзорциум сегашен „CNH Industrial group“, и е присутен во над 160 земји ширум светот. Тој беше избран за производство на погонот, „FIAT“, а од друга страна беше ангажиран за дизајнот и финалното склопување на телото, како и „Oto Melara“ за воената опрема и системите. Првиот прототип на „Пума“ беше завршен во 1988 година. Овој оклопен транспортер е достапен во конфигурациите 4x4 и 6x6. Во 1999 година италијанската армија склучува договор за испорака на 580 возила од кои 330 оклопни возила „Пума“ 4x4 и 250 оклопни возила „Пума“ 6x6. Првите возила се завршени во 2003 година. Постојат две различни основи за возилата „Пума“, модели 4x4 и 6x6. Кај вториот има зголемување на должината на трупот и додавање на уште една оска – пар на тркала. Овој модел повеќе личи како дел од оклопните транспортери (APC), додека пак моделот 4x4 е многу сличен како „оклопните коли“.

Семејството на оклопни транспортери „APC PUMA“ е развиено од страна на компаниите „IVECO“ и „Oto Melara“ за да ги задоволи барањата на италијанската армија за возило кое ќе оперира заеднички со подвижниот убиец на тенкови „Centauro“. Дотогаш двете компании имале значително искуство во дизајнирањето, развојот и производството на оклопни возила со тркала

Италијанската „Пума“ е најлесното во серијата оклопни борбени возила на тркала во италијанската армија AFV - Armored Fighting Vehicles. Категоријата AFV ги опфаќа возилата гасеничари и возилата на тркала, а вторите ги заменува старомодниот назив „оклопни коли“. Зависно од верзијата, тежината на возилото е 7 - 8 тони и има вкупна должина од 5 метри, ширина од 2 метри и висина од 1,67 метри. Бројот на оперативната посада е 2 члена со 4 патници. Двете верзии се со сличен труп (само продолжен кај 6x6). Трупот е направен од споени заварени челични плочи накосени на горната и на долната страна, но со



рамна централна површина. Важно е да се напомени дека страните на телото се обликувани од единечни парчиња челичен оклоп  наместо заварени делови. Овој оклоп има подобар отпор. Пумата има целокупна заштита од муниција од огнено оружје со калибар до 7,62 мм, како и од шрапнели од артилериско вооружување. Внатрешно, во возилото моторот е поставен напред десно, а заради ова возачот е поместен лево во предниот дел на трупот. Патнците се сместени во задниот дел на трупот, со влезни точки од двете страни, како и од задниот дел на трупот на возилото. На секоја од вратите има отвор за пушкарници.  Пристапни отвори се исто така обезбедени долж линијата на покривот на возилото. Возачот има сопствен отвор, додека командирот кој седи непосредно до возачот исто така има сопствен отвор. На возачот му е даден подигнат отвор со три перископи (како и заменски централен засилувач на светло за ноќно возење), за командирот има голема централна ротирачка купола на кровот со блокови за поглед. Заштитата на посадата вклучува колективна NBC заштита, систем за автоматско гасење на пожар, кои се вградени како стандард и систем за греење и климатизација.  Вооружувањето е разновидно, користи палета на вооружување од митралези 7,62 и 12,7 мм до автоматски фрлач на гранати 40 мм. Стандардот е лесен митралез 7,62 или 12,7 мм M2HB HMG  како алтернатива. Од неодамна „Oto Melara“ далечински управуваната вооружена станица Hitrole (RWS) може да го заземе местото на посадата. Опремено е со фрлачи на димни гранати поставени во две банки на секоја од страните кои се употребуваат за самоскрининг ефект. Внатрешноста е високо модуларна според почетната спецификација која се бара за извидувачки/ATGM носачи на МФ/санитетски/командни возила. Најмоќниот носач на ATGM е Raytheon TOW, поставен на кровот и опслужуван од куполата или пак Mistral за противвоздушна одбрана. Оклопниот транспортер „Пума“ има капацитет за седење на 6 целосно опремени војници. Постојат голем број на отвори за отворање на оган, предвидени за војниците кои се превезуваат со него. Овој оклопен транспортер е придвижуван од 4-цилиндричен дизел-мотор IVECO 8042.5 со турбо полнач кој развива 160 hp. Сите тркала се суспендираат независно со Messier хидропневматски спојки. Ова е поврзано со 5-брзински автоматски систем за трансмисија (4 брзини за напред и 1 за назад) – германски Renk, овозможувајќи му на возилото брзина од 110 kmh и оперативен опсег од 700 километри. Двете варијанти на „Пума“ со конфигурации 4x4 и 6x6  имаат исти



автомобилски компоненти, вклучувајќи ги шасијата, преносот и суспензијата, што овозможува поедноставна логистика за поддршка на двата продукти. Возилото е опремено со централен систем за инфлација на пневматиците кои се од типот run-flat. Мобилноста овозможува совладување на наклон од 60 %, страничен наклон од 30 % и совладување на водени препреки од длабочина од 1 метар без претходна подготовка. Радиусот на вртење  е 6 м, а малата големина на возилото ги прави компатибилни со сите воздушни транспортери и со некои тешки хеликоптери како „CH54 stallion“ и „Boeing CH47 Chinook“. Специјалната опрема вклучува и чекрк за самоизвлекување, кој е поставен на левата страна на возилото. Канистрите и другата опрема можат да се сместат на задната странична плоча и на челичните цевки на горните накосени страни. Двете варијанти на оклопниот транспортер „APC Puma“ може да бидат усвоени за широк спектар на улоги покрај оние кои ги нарачала италијанската армија, на пример NBC - извидувачки и возила за внатрешна безбедност.

Варијантите на ова возило се: „Пума“ 4x4 оклопен транспортер; „Пума“ 6x6 оклопен транспортер со капацитет за седење до 8 војници; MILAN, носач на противтенковски ракети, со лансер на ракети од типот MILAN; TOW, носач на противтенковски ракети, со лансер на ракети од типот TOW; Mistral, земја-воздух ракетен систем; возило носач на минофрлач, опремен со минофрлач 81 мм; санитетски возила и командни возила.
„Пума“ возилата се оперативни од 2001 година и се произведуваат под брендот    „ Iveco-OTO-Melara“. Осум „cavalry“ и два полкови на специјалните сили се опремени со возилата „Пума“ 4x4, додека на пешадиските полкови им се доделени „Пума“ 6x6 како carabinieri, Lagunari regiment „Serinissima” во близина на Венеција, падобранскиот полк „Folgore”, 66. воздушно-десантен полк и планинарските полкови. Некои од возилата беа распоредени во операциите за поддршка на мирот во Авганистан во 2000 година.

Идриз Идризоски

| ОСТАНАТИТЕ СПЕЦИФИКАЦИИ НА ТРАНСПОРТЕРОТ „APC PUMA“ | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 4.76/5.07 метри; |
| ШИРОЧИНА | 2.09 метри; |
| ВИСИНА | 1.67 метри; |
| ТЕЖИНА | 7/8.2 тони (battle ready); |
| МОТОР | IVECO 4-cyl TD 160 hp (118 kW) p/w 22.8 hp/tonne (4×4); |
| ПОСАДА | возач +3 - 6 зависно од верзијата; |
| ВООРУЖУВАЊЕ | Стандард: 7,62 MG3 LMG or 12.7 mm M2HB HMG, |
| ОКЛОП | заварени челични плочи со заштита 8-13 мм; |
| АВТОНОМИЈА НА ОПЕРАТИВЕН ОПСЕГ | 700 KM; |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 110/100 km/h; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 60%; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30%; |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 1 метар без претходни подготовки |



# Развој на муницијата за стрелечко вооружување

Секое оружје е изработено првенствено како платформа за истрелување на проектили и неговата употребна вредност во голема мера зависи од муницијата која ја истрелува. За тоа многу бргу станале свесни и конструкторите на оружјето, па паралелно со развојот на оружјето започнува посебно внимание да се посветува и на развојот на муницијата. Во оружарската практика многу често оружјето е конструирано за одделни куршуми, а не обратно. Имено, во веќе созреаниот период на оружарството (кога веќе е направен единствен куршум) експериментирањето со различни видови на муниција и калибри доведува до развој и профилирање на муниција со најдобри балистички карактеристики, која стана основа за развој на платформи од кој се истрелува муницијата. Сепак, развојниот пат на муницијата-куршумот не бил едноставен и краток, а со самото тоа и развојот на оружјето. Историјата на муницијата е историја на обединување на трите основни компоненти на муницијата:

> Без муниција огненото оружје е безвредно, а без квалитетна муниција лошо. За тоа многу бргу станале свесни и конструкторите на оружјето, па паралелно со развојот на оружјето започнува посебно внимание да се посветува и на развојот на муницијата

проектилот-зрното, потисното полнење (барутот) и средството за иницирање-палење на барутот.

На почетокот на 19 век швајцарскиот пушкар Pauly во соработка со францускиот пушкар Prelatom го изработуваат првиот современ куршум кој се состоел од куглест оловен проектил-зрно, барутно полнење, бакарна база со каписла, и сето тоа обединето во хартиена обвивка.Пушката се полнела од страна на барутната комора, а ударната





игла удирала во центарот на бакарната база со каписла, карактеристика за секое денешно современо оружје.
Кон средината на 19 век почнале да се појавуваат и првите метални чаури кои ја заменуваат хартиената обвивка. Металната чаура подоцна го овозможила конструирањето на полуавтоматското и автоматското оружје. Во 1886 година, Франција прва го вовела во употреба современиот тип на муниција-куршум со таканаречениот „бесчаден" барут 8 mm „Lebe"l куршум (8х50Р mm.На почетокот на појавата на компактната муниција-куршум, сè уште коњицата како род била застапена во армиите така што муницијата-куршумот морал да има силно барутно полнење кое би ослободило силна енергија за да на зрното му даде убојна моќ за да може да го онеспособи коњот на далечина од 500 метри.
Практично, во тоа време сите пушки биле репетирки и не се размислувало за автоматска стрелба ниту за контрола на автоматската стрелба.
Појавата и развојот на автоматското



оружје овозможила конструирање на таканаречен куршум со средна јачина, односно куршум кој по силата на барутното полнење би бил помеѓу пиштолскиот куршум и куршумот за пушките. Прва таква муниција-куршум конструирал рускиот офицер и инженер Федоров за време на Првата светска војна, но таквата муниција не влегла веднаш во производство и употреба поради воената состојба и непрекинувањето на производството на муницијата која се користела за време на војната. По завршување на Првата светска војна, особено во време помеѓу двете светски војни и во текот на Втората светска војна доаѓа до појава и развој на куршумот. Би ги издвоиле германскиот куршум со калибар 7,92х33 mm и советскиот куршум 7,62х39 mm развиен во текот на Втората светска војна И двата куршуми имаат сличен калибар и се користени во Втората светска војна за пушките на нивните армии во тоа време. Тие куршуми имале послабо барутно полнење и со самото тоа овозможувале подобра контрола на оружјето за време на автоматската стрелба. Следната еволуција на муницијата за стрелачкото вооружување, особено за јуришните-автоматските пушки тргнува од САД Имено, доаѓа до промена на размислувањето и до промена на филозофијата која се темели на студиите и проучувањата на борбите во Втората светска војна и во Корејската војна. По завршувањето на Втората светска војна започнало масовно воведување на автоматски пушки со различен калибар во вооружувањето на армиите. Во западните држави изработувани се автоматски пушки за куршум со калибар 7,62х51 mm, кој е прогласен за стандарден во земјите на НАТО, а во источните за куршум со калибар 7,62х39 mm (М43), кој е стандардизиран во државите на тогашниот Варшавски договор. Државите кои не припаѓале на ниту еден од овие блокови произведувале свои пушки во еден од овие два калибри. Куршумот 7,62х39 mm М43 е еден од најпознатите воени куршуми. Ознаката 7,62х39 mm М43, 7,62 означува калибар во милиметри, 39 должина на чаурата, а М43 дека се работи за модел од 1943 година. Општата популарност ја стекнал бидејќи е употребуван кај автоматските пушки „Калашњиков". Куршумот настанал според искуствата од Втората светска војна кога најмногу борби се воделе на далечини до 400 метри, а дотогашните куршуми биле премногу силни за овие далечини, бидејќи максималниот дострел им бил до 5 километри. Куршумот 7,62х51 mm е стандарден куршум во НАТО.
Долго време одлуката за избор на овој куршум како стандарден во НАТО била критикувана и се сметала како погрешна, и тоа од повеќе причини. Прво, заради тоа што еден просечен војник не може својата вештина за гаѓање да ја усоврши до таа мера успешно да гаѓа цели на далечини до 2000 метри и второ, заради процената дека на овие растојанија пешадијата ќе биде во оклопни транспортери и ќе бидат заштитени од стрелачката муниција.
Денешните современи армии за пушките (снајперски, јуришни-автоматски пушки и лесните пушкомитралези) употребуваат стандардна муниција-куршуми со калибар од 5,45х39mm до 7,62х51 mm, и тоа во армиите на САД и НАТО куршуми со калибар 7,62х51 mm и 5,56х45 mm, во армиите на поранешниот СССР- денешна Русија и поранешниот Варшавски договор и куршум со калибар 7,62х39 mm и 5,45х39 mm. Државите кои не припаѓале на овие сојузи произведувале свои пушки и своја муниција во еден од овие четири калибри. Во последните 5 години се врши испитување на муниција со калибар 6,8 mm, која би претставувала идеална средина помеѓу 5,56 mm и 7,62 mm, особено за современите јуришни пушки. Но, бидејки ова е тема за некој иден друг труд, не би се задржувал на понатамошно образложување.

Арјанит Рацај



# „Aero Albatros L-39"

Авионот „Aero L-39 Albatros" е извезен во голем број земји како воен авион за обука. „L-39 Albatros" подоцна служи како основа за поновиот „L-59 Super Albatros", како и за „L-139". Понатамошниот развој на дизајнот, назначен како „L-159 ALCA" влегол во производство во 1997 година. До денес, повеќе од 3000 модели „L-39" се широко распространети во повеќе од 30 воздушни сили ширум светот. Албатрос е најшироко користен авион за обука во светот, а се користи за вршење на основна и напредна обука за пилоти, како и во улога на авион за извидување и лесни напади по цели на копно. Првиот лет го реализирал на 4 ноември 1968 година. Сериското производство на почетниот модел „L-39" започнал во 1971 година. Во 1972 година тој бил официјално признат од страна на мнозинството земји што го сочинувале Варшавскиот пакт како нивен префериран, примарен авион за тренинг. Големите нарачки од воените клиенти и понатаму продолжиле низ целиот блок, од кои повеќето од советските воздушни сили. Во текот на 1974 година влегол во служба на чехословачките воздухопловни сили. Понатаму во периодот од 1971 до 1999 година, биле произведени повеќе од 3000 парчиња од овој тип.
Кон крајот на 1990-тите години, набргу по распаѓањето на Советскиот Сојуз и крајот на Студената војна, било одлучено да се развијат верзии на авионот опремени со напредни авионски системи (како на пример: smoke generation system, escape system, mission computer, head-up display, multi-functional display, air data computer, up-front control panel, instrument landing system, information friend or foe transponder, electronic standby instrument system, tactical air navigation system, distance measuring equipment, communication and navigation devices, hands on throttle and stick control system, very high frequency radio, global positioning system / inertial navigation system, horizontal situation indicator, radio altimeter, electronic flight instrument system, attitude heading, reference system), мотори и системи за оружје со западно потекло. Во исто време било формирано активно партнерство со „Elbit Systems" од Израел, така што голем број на „L-39" биле испорачани во „Elbit" за да бидат опремени со модерна електроника и системи за навигација пред да бидат повторно извезени до крајните корисници, како што се кралските тајландски воздухопловни сили. Според Меѓународниот институт за истражување на мирот во Стокхолм, во 1993 година вкупните извозни нарачки за „L-39" претставувале 80% од вредноста на продажбата на извозот на чешки воени производи направени за таа година.

> Авионот „Aero L-39 Albatros" е школско-борбен авион со високи перформанси за обука. Развиен е во Чехословачка од страна на компанијата „Aero Vodochody" во периодот на 1960-тите, како замена за авионот „Aero L-29 Delfín", дотогашен главен авион за обука. Ја имал честа да биде првиот авион од втората генерација на авиони за обука, како и да биде првиот авион за обука кој ќе биде опремен со турбо мотор. Овој дизајн никогаш не добил име за известување во НАТО-структурата

Продажбата на „L-39" се намалила за време на 1990-тите години, кога кризата се должела на губењето на пазарот за авиони за обука во Варшавскиот пакт, како и со наводите од чехословачките банки дека не можат да ја финансираат одбранбената индустрија. Во 1996 година, производството на „L-39" завршило. Една од замените за „L-39 Albatros" биле авионот „Aero





L-59 „Super Albatros“ и „Aero L-159 „Alca“, модернизирана верзија на „L-39“. Во текот на 2018 година, моделите „L-39“ и „L-159“ им биле понудени на американското воено воздухопловство. Постои и целосно модернизирана нова верзија од 2015 година, позната како L-39NG („New Generation“). Сертификацијата на L-39NG е предвидена за 2019 година, а испораките од 2020 година.

„Aero L-39 Albatros“ бил дизајниран како економичен авион за летање, воедно оперативен и способен да изврши мисии по копнени цели. За неговата оперативна флексибилност, едноставност и достапност, влијание имаат поедноставените системи со цел да се избегне високото ниво на одржување, како и да се минимизира штетата предизвикана од несоодветното работење на младиот и неискусен персонал. Моторот има време помеѓу ремонт од 1000 часа на летање, но неговото одржување и сервисирање е поевтино од поголемиот дел од турбинските мотори.

Како платформа за обука, концептот се состоел од сеопфатен систем кој исто така користел симулатори за летање и мобилна опрема за тестирање на земја. Оперативните граници на g-силата при тежина од 4200 килограми се движат во граници од + 8 g до -4 g. Пилотската кабина е под притисок со задолжително носење кислородни маски само кога пилотите летаат над 7000 метри. Дизајнот на пилотската кабина, распоредот на панелот со инструменти и многу од системите личат или се идентични на другите најчесто користени советски авиони. Така, на пример, постапката за исфрлање на седиштето е иста како кај авионот „МиГ-29“.

Пролетта 2008 година, неколку грузиски беспилотни летала биле уништени од страна на абхазските сепаратистички сили во регионот на Абхазија. Абхазиските сепаратистички сили тврделе дека еден од нејзините авиони „L-39 Albatros“, опремени со проектили, го собориле грузиското „Hermes 450“ беспилотно летало.

Воздухопловните сили на Талибанците успеале да добијат околу пет летала од овој тип од остатоците од поранешните воздухопловни сили на Демократска Република Авганистан. Со странска техничка поддршка и пилоти, биле ставени во борбени операции во периодот од 1996-2001 година. Количината на L-39, заедно со постарите модели „L-29“, биле широко користени од страна на азербејџанските сили за вршење на копнени мисии за време на Нагорно-карабахската војна во 1980-тите и раните 1990-ти години.

За време на конфликтот помеѓу националистичките и проруските сили помеѓу август и ноември 1994 година, како составен дел на силите на Џокар Дудаев, биле распоредени и воздухопловите од овој тип како елемент за воздушен напад. Една од главните причини што ги поттикнале и интензивирале првите воздушни напади и руската интервенција на „Су-25“ наспротив чеченските воздухопловни сили на теренот, биле подготовките што ги вршеле воздушните сили на Дудаев, а кои биле забележани од извидничката ескадрила на „Сухој Су-24МР“. Постоеле стравови дека овие авиони би можеле да ја забават или да ја одвратат руската воздушна и копнена кампања, како и способноста на неколку авиони да извршат камиказни напади врз руските нуклеарни централи наполнети со експлозиви, со цел да дејствуваат како импровизирани крстосувачки ракети.

Драган Павловски

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ПОСАДА | 2 пилоти |
| ДОЛЖИНА | 12.13 метри |
| ВИСИНА | 4.77 метри |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН АВИОН | 3400 килограми |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 4700 килограми |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 910 км/час |
| ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЛЕТ | 02.30 до 03.50 часа, во зависност од конфигурацијата |
| ВИСИНА НА ЛЕТ | 11000 метри |
| БРЗИНА НА КАЧУВАЊЕ | 21м/сек |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 1350 километри |
| ВООРУЖУВАЊЕ | 1000 килограми на четири подвесни точки, 23мм топ со капацитет од 150 куршуми во минута |




# Принципите на „внатрешно раководење“ во Бундесверот

Во периодот на основање на Бундесверот, „принципите на внатрешно раководење” биле дискутирани како концепт на реформи кој би ги зацврстил новите вооружени сили во младата демократска држава, што подразбира дека Бундесверот се конституирал во согласност со демократски принципи. Во исто време, целта била персоналот да биде „граѓани во униформа“, посветени на демократска држава со владеење на правото, но, исто така со демократски права како што се правото на избори, слобода на здружување и правото на претставување на персоналот.

Овие принципи имале цел, прво, отелотворување во  фундаментален концепт за внатрешна организација на Бундесверот и второ, интеграција на вооружените сили во државата и општеството.

Внатрешно во рамките на Вооружените сили целта била да се осигура практикувањето на модерната форма на раководење. Концептот на „внатрешно раководење“ служи за компензирање на тензиите кои се јавуваат помеѓу индивидуалните права и слободи и барањата на воениот персонал од една страна, како и од друга страна, поддршка на службениот персонал да се справи со таквите противречности.

Концептот на „внатрешно раководење“ служи за компензирање на тензиите кои се јавуваат помеѓу индивидуалните права и слободи и барањата на воениот персонал од една страна, како и од друга страна, поддршка на службениот персонал да се справи со таквите противречности

Во согласност со концептот, формите на лидерско однесување на претпоставените офицери мора да бидат проткаени со почит кон човековото достоинство, како основа на германскиот уставен поредок.

Во предвид треба да бидат земени најновите општествени, политички и социјални случувања и трендовите во СР Германија, како и импликациите за промените во воената технологија.

Според Броj Волф Бодисин, еден од духовните татковци на концептот за реформа на Вооружените сили на Германија, во 1953 година, внатрешното раководење требало да се одразува „во водство и во обука, во извршувањето на дисциплинската моќ, во обезбедувањето на граѓанско образование и информации за војниците, во грижа за поединецот, во извесна смисла и на заедницата, надвор од работното време “.









Во согласност со принципот на внатрешното раководење, параметрите на секојдневниот живот во војската, дефиниран во организациски облици, принципи на управување со персоналот и инфраструктура на силите, требало да осигураат секој да биде почитуван како самостојно, одговорно човечко суштество.
Бундесверот и персоналот требало да се интегрираат во држава и општествени структури, исто како и сите невоени институции и цивилите. Во тој период било потребно да се согледаат од другите структури надвор од Вооружените сили, како интегрални компоненти на општеството во целост. Целта на овој аспект била да се отфрлат сите грижи што Бундесверот можел да ги создаде и да стане „држава во рамките на државата“ - опасност својствена на која било вооружена сила. Дискусијата во рамките на Бундесверот за Концептот на внатрешно раководење достигнала привремен заклучок во февруари 1993 година со издавањето на Регулатива за заеднички услуги, „Внатрешно раководење “, која во меѓувреме била ажурирана и публикувана како, „Внатрешно раководење - самоперцепција и лидерска култура “, што дава целосна слика за концептот.
Целите на внатрешното раководење се:

– да ги комуницира политичките и правните причини за воената служба и да овозможи увид и разбирање на целта и значењето на воената мисија;
– да се промовира интеграцијата на Бундесверот за сите жени и мажи  кои служат во Бундесверот во државата и општеството и да инспирира јавно разбирање за функциите на Бундесверот;
– да ја зајакне подготвеноста на жените и мажите да ги извршуваат своите задачи совесно и да одржува дисциплина и кохезија во рамките на вооружените сили;
– да се осигура дека внатрешниот ред на Вооружените сили се организира врз основа на почитување на човековото достоинство и ориентација кон правниот систем на СР Германија и дека извршувањето на нивната мисија е менаџирано колку што е можно поефикасно.

Вистинското значење и аспирациите на внатрешното раководење во секојдневниот живот на војската се првенствено утврдени во серија закони, наредби и прописи.  Клучната основа е актот за правниот статус на воениот персонал, кој ги опишува правата и должностите на жените и мажите во Вооружените сили, особено во нивните улоги како претпоставени и подредени. Сепак, практичната примена на сегашната регулатива не е сè што е потребно за внатрешното раководење. Ова важи посебно како мерка за начинот на кој претпоставените ги третираат своите подредени во секојдневниот воен живот. Од нив се очекува не само да се раководат во согласност со законот туку, исто така, и со емпатија и сензитивност. Тие не треба да покажуваат слепа послушност, туку послушност која произлегува од разбирање. Како граѓани во униформа, луѓето кои служат во Вооружените сили треба да ја задржат својата слобода како поединци и треба да дејствуваат одговорно додека ја одржуваат својата оперативна подготвеност.

Виолета Куновска




# Како Африка се справува со корупцијата

*Земјите од Африка секојдневно се соочуваат со последиците и проблемите поврзани со високата стапка на корупција. Корупцијата е навлезена во сите пори на општеството, што во некои држави претставува проблем и за опстанок на државата. Во овој напис се пренесени обидите на Јужна Африка и на Нигерија на различни начини да се справат со корупцијата.*

## Употреба на беспилотни летала за да се спречи корупцијата на градилиштата во Јоханесбург

Одделот за развој на инфраструктурата во провинцијата Гаутенг формираше флота од беспилотни летала, која се користат за мониторинг на градежни проекти, вклучувајќи ги и оние во и околу Јоханесбург. Првото беспилотно летало е пуштено во употреба на 21 мај и ја надгледува амбициозната листа на 340-те проекти што е планирано да бидат завршени во наредните три години, а за кои провинцијата Гаутенг троши 4,5 милијарди ранди (речиси 360 милиони долари). Затоа е оправдано да се направат напори и да се помогне да се следи реализацијата на истите.

> Јужноафриканските градежни работници кои се обидуваа да „го подигнат гласот“ поради непочитување на регулативите за безбедност сега можат да забележат летала кои лебдат над нив

Беспилотните летала треба да го следат квалитетот на работата за проектите да не отстапуваат од планираното, се вели во соопштението. Беспилотните летала се само најновиот обид на Мамоболо (шефот на провинцискиот оддел) да го направи неговиот оддел потехнолошки и да ги користи можностите од „четвртата индустриска револуција“. Но, ова е нешто повеќе од едноставно прифаќање на технологијата од страна на владиниот претставник. Имено, иако како еден од најголемите корупциски скандали во Јужна Африка, беше споменувана изградбата на местата за Светското првенство во 2010 година , заговор које е премногу софистициран за да се открие со помош на беспилотни летала, останува фактот дека најголемиот дел од корупцијата во инфраструктурниот сектор се одвива токму на градилиштата. Според Крис Хиткот, извршниот директор на „Глобалниот инфраструктурен центар“, „корупцијата може да додаде 40% премија за неефикасност на трошоците за инфраструктурни проекти низ целиот континентот. Затоа, иако, јавните градежни проекти имаат за цел да го стимулираат производството и богатството на нацијата, во Африка тие всушност честопати се пречка во развојот на економијата.

## Книга за борба против корупцијата во Нигерија

Во Нигерија голем проблем е како да се направи буџетот. Претседателот на Нигерија, Бухари, го претстави буџетот од 8,6 трилиони нарира (24 милијарди долари) во 2018 година за одобрување до Националното собрание. Повеќе од шест месеци подоцна, на 16 мај –после едно рекордно одложување - пратениците го вратија буџетот на претседателот, одобрен и подготвен за неговиот потпис. Се разбира дека одобрениот буџет се зголеми за 500 милијарди нара и порасна до



9,12 трилиони. Без оглед на тоа каква интервенција е направена во буџетот, интервентниот период меѓу поднесувањето од страна на претседателот и усвојувањето од страна на пратениците може да се кавалификува како нешто помеѓу несуштински и непостоечки. Буџетот станува „политички фудбал“ и заложник на разни причини. Дури и ако законодавците се зафатиле со нивната надзорна фунција со добри намери, постојат структурни причини зошто едноставно тие не можат да ја вршат својата работа. Главна причина е многу високата стапка на осипување на законодавците во Нигерија. Имено, остануваат само тројца пратеници од групата што влезе во собранието кога се врати демократијата во 1999 година. Но, на секои четири години значително мнозинство од нив ги губи своите места. Односно, Нигерија успеа да избере вкупно само 2.345 лица за да ги пополни 469-те места (109 сенатори и 360 претставници) во петте изборни циклуси од 1999 година.
 Книгата на Оконџо-Ивеала, „Борбата против корупцијата е опасна”, е наменета за сите заинтересирани за ситуациајта во Нигерија, па дури и за планирањето на националниот буџет во земјата. Така, додека некои земји, како САД, имаат проблем на „заседнати“ долгорочни членови на Конгресот, младата демократија на Нигерија смета дека едноставно не постои зачувано искуство од областа на законодавството во собранието. Исто така и пратениците не се мотивирани да го стекнат ова искуство со оглед на малиот политички бенефит што би го имале за возврат. Така, процесот на буџетирање во Нигерија не е ништо повеќе од измама со финалниот документ кој неизбежно е полн со грешки и нефинансирани трошоци. Ова е така кога не е „покриен“ од мистериозните државни службеници. Сето ова може да го натера обичниот набљудувач да се запраша како тогаш пратениците можеле да го зголемат буџетот за повеќе од 5% без каква било дискусија за даноците или приходите? Едноставниот одговор е стапката на „буџетски стандард”. Имено, ништо не ја прикажува Нигерија како петрол – држава повеќе од оваа годишна вежба за движење околу стапката на која се базира буџетот. Така, додека претседателот Бухари го поднесе предлог-буџетот врз основа на „репер“ од 45 долари за барел нафта, пратениците го зголемија до 51 долар за барел и продолжија да ги распределуваат средствата на нивните омилени проекти. Министерот за финансии, Кеми Адеосун, повеќе не е е одговорен за буџетот и планирачкото портфолио како дел од нејзините обврски, по одлуката на Бухари да ја подели улогата помеѓу двајца различни министри.
Новата книга на Окоњо-Ивеала, „Борбата против корупцијата е опасна“, не можеше да се појави во подобро време за некој што е љубопитен да разбере нешто повеќе за овој конкретен дел од функционирањето на Нигерија. Поранешниот извршен директор на Светската банка вели дека ја напишала

Книгата на Оконџо-Ивеала, „Борбата против корупцијата е опасна“, е наменета за сите заинтересирани за ситуациајта во Нигерија, па дури и за планирањето на националниот буџет во земјата






книгата за да ја раскаже нејзината страна на приказната откако, според неа, локалните медиуми неправедно ја обвинуваат за нејзината улога во претходната, широко дискредитирана влада на претседателот Џонатан.Голем дел од книгата пишува за поголемиот дел од земјата и не е нималку лесно да се чита за ужасното искуство на 83-годишна мајка која една недела во декември 2012 година била киднапирана. Киднаперите, наводно, побарале нејзина оставка, бидејќи таа презела мерки за некои нафтени деривати во озлогласената измама за субвенционирање на бензин во Нигерија, иако вреди да се забележи дека киднапирање на роднините на лица од висок профил во тоа време било доста честа појава.Оконџо-Ивеала опишува и неколку закани за насилство против неа, вклучувајќи и еден состанок каде што учесниците заклучуваат дека нејзината сместување во инвалидска количка и повреда поради која таа би била трајно инвалидизирана е прифатлив начин да се пренесе „пораката“. Еден гувернер речиси и физички се пресметал со неа во врска со прашањето за алоцирање на пари за државите, а еден малку пољубезен гувернер едноставно одработил сомнителна кампања, кога таа не одобрила неговата држава да преземе долг што ќе го турка до несолвентност. Општата тема на книгата е дека корупцијата е толку раширена и распространета во Нигерија и дека е тешко, дури и невозможно да се запре без некои поголеми мерки. Во извештајот на PwC во 2016 година се проценува дека БДП на Нигерија за 2014 година можел да биде повисок за 22 отсто, ако земјата успеала да ја намали корупцијата на ниво на Гана. Но, некаде помеѓу приказните за вознемирување, киднапирања, неконтролирана кражба и разни други моменти, можеби најдоброто и



најсветлото поглавје на книгата насловено како „Процес на извртен буџет“, Четвртата глава на книгата го објаснува процесот со кој Нигерија го „произведува“ својот буџет секоја година на начин што вознемирува и е доста непријатен да се прочита. Оконџо-Ивеала се претставува себеси како некој од кој не треба да се бара никаква одговорност. Таа укажува дека сегашната влада е најнеспособна во гонењето на случаите на корупција, зашто е тешко да се открие кој е вистински гонет за своите злосторства а кој едноставно е дел од „ловот на вештерки“ за да се биде на насловна страница. Таа креира слика за себеси како некој што бил и е цел на напади, едноставно поради својата работа и ништо друго. Но, таа има право да ја каже својата страна од приказната. Нигерија е многу нефункционална во однос на начинот на кој го спроведува нормалниот бизнис на владата. А, да го слушнете ова од некој кој неодамна бил со титулата координативен министер за економија е навистина доволно гласно кажано. Тоа претставува чекор напред и покрај озлогласената автоцензура на елитата на Нигерија која речиси никогаш не зборува за проблемите во владата кога излегува од неа секако поради страв дека никогаш нема да бидат поканети назад, односно повторно да бидат дел од владата. Иако сега за сега на оваа тема не се пишува многу, сепак може да се најдат неколку книги од луѓе што служеле на највисоките нивоа на владеење кои пишуват зао она што го имат видено и доживено, без оглед колку економично во однос на вистината едно такво кажување може да биде. А, во овие книги, Нигеријците ќе можат да ја видат нивната влада поставена во сите нејзини дисфункционални мешавини. И тогаш можеби ќе почнат да прават нешто на тоа поле.

м-р Билјана Поповска

*(адаптирано од : https://qz.com/1290954/fighting-nigerian-corruption-might-be-dangerous-but-preparing-a-nigerian-budget-is-hell/;https://qz.com/1286504/the-government-is-now-using-drones-to-prevent-corruption-on-construction-sites-in-johannesburg/)*



# Македонско-американската соработка во време на Студената војна



По Втората светска војна Македонија како рамноправна федерална единица влезе во состав на Демократска Федеративна Југославија. Стоиљадната македонска војска влезе во состав на Југословенската војска, а во 1946 година е донесен и првиот Устав на Народна Република Македонија. Македонската војска создадена во текот на Втората светска војна беше респективилен фактор во новата федеративна држава. Одвојувањето на респектабилната воена сила за каква тогаш беше сметана Југословенската армија од „источниот лагер“ по разидувањето на Тито и Сталин предизвика промена на воената стратегија на САД во однос на Балканот. Опасноста која ѝ се закануваше на Југославија од евентуален напад на СССР, според процените на администрациите на САД и Југославија беше реална, што само по себе значеше дека е неопходно да се воспостави меѓусебна соработка. Додека САД се плашеа дека може да дојде до напад од СССР врз Југославија, би можело да се рече дека југословенските државници го очекуваа тој напад речиси секојдневно. Во таква атмосфера и напнатост по долги преговори и образложувања на американската администрација

Односот на САД кон Македонија и нејзините граѓани особено дојде до израз во време на катастрофалниот земјотрес кој го погоди Скопје на 26 јули 1963 година. Разурнатото Скопје и настраданите скопјани станаа центар на целиот свет. Меѓу првите во помош пристигнаа Соединетите Американски Држави. Американската помош и поддршка од највисоки дипломатски и политички претставници, невладини здруженија и религиозни организации, како и работата на американските воени медицински тимови на терен, оставија неизбришлива трага во севкупните македонско-американски односи и го зацврстија уште повеќе пријателството кое трае со векови

пред Конгресот дека „одбранбената способност на Југославија е витална за безбедноста на Северноатлантското подрачје“ на 14 ноември 1951 година е склучена Спогодба меѓу Владата на ФНРЈ и Владата на САД за воена помош која е прв документ за одбранбена соработка на НАТО со Југославија, односно на Македонија како рамноправна република во југословенската федерација, што во вој труд го приложуваме во целост. Како резултат на потпишаниот договор, од страна на САД на Југославија во период од 1951 година до 1958 година ѝ се испорачани значителни количества на оклопни борбени возила, тенкови, тешка артилерија и воени воздухоплови. Програмата за помош во тешка артилерија вклучуваше 2.874 топови од различен тип, намена и калибар, од кои поголемиот дел потекнуваа од времето на Втората светска војна. Пакетот на помош во самоодна артилерија главно се состоеше од четири модели (М-15А1, М-18, М-36 и М-7) од периодот на Втората светска војна со испорачани вкупно 715 парчиња. Додека испорачаните топови беа докажани во текот на борбените дејства во Втората светска војна, американската помош во вид на тенкови имаше поинакво ниво во воените и политичките планови на САД.




Военотехничката помош од САД како водечка сила на НАТО пактот на Југославија во периодот од 1951-1958 година, всушност индиректно претставува воопшто прва поддршка од НАТО за Македонија, во ова време како дел од југословенската федерација. За овој факт сведочат и зачуваните примероци на тешка артилерија, оклопни борбени возила, тенкови и воздухоплови во збирките на Воениот музеј на Република Македонија во Скопје

Класичните тенкови од Втората светска војна „Шерманите М-4А3“ беа дел од истиот пакет со гореспоменатата артилерија, но испораката на тенкот „Патон М-47“ беше врв на квалитетот во американската воена помош со испорака на најистакнатото оружје на американската национална армија, што претставуваше највисоко ниво во американско-југословенската воена соработка достигнато воопшто во историјата. Во овој период на Југославија ѝ се испорачани 599 тенкови „Шерман М-4А3“ и 319 тенкови „Патон М-47“. Покрај тенковите, воената помош вклучуваше и програма за оклопни борбени возила, преку која на Југославија ѝ беа испорачани 265 лесни извидувачки оклопни возила „М-8 Грејхуд“ („рт“) и 300 извидувачки оклопни возила „М3А1“. Преку програмата за воена помош на Југославија од САД се добиени разни типови на транспортни и борбени авиони (вкупно 125 авиони „Ф-47Д Тандерболт“ („Молња)“, 25 млазни авиони „Т-33А“ и 167 млазни авиони „Ф-84Г“, како и помош во хеликоптери и друг воен воздухопловен материјал и опрема. Значителен број на кадрите од ЈНА, меѓу кои и кадрите со потекло од Македонија во периодот на приемот на воената помош ги поминале различните форми на школување и усовршување во странство и во Југославија под советништво на странските експерти. Воено-техничката помош од САД како водечка сила на НАТО пактот на Југославија во периодот од 1951-1958 година, всушност индиректно претставува воопшто прва поддршка од НАТО за Македонија, во ова време како дел од југословенската федерација. За овој факт сведочат и зачуваните примероци на тешка артилерија, оклопни борбени возила, тенкови и воздухоплови во збирките на Воениот музеј на Република Македонија во Скопје.

Односот на САД кон Македонија и нејзините граѓани особено дојде до израз во време на катастрофалниот земјотрес кој го погоди Скопје на 26 јули 1963 година. Разурнатото Скопје и настраданите скопјани станаа центар на целиот свет. Меѓу првите во помош пристигнаа Соединетите Американски Држави. Американската помош и поддршка од највисоки дипломатски и политички претставници, невладини здруженија и религиозни организации, како и работата на американските воени медицински тимови на терен, оставија неизбришлива трага во севкупните македонско-американски односи и го зацврстија уште повеќе пријателството кое трае со векови. Особено значајна улога во ова време одиграл Лоренс Иглбергер, кој бил вработен во Амбасадата на САД во Југославија, односно во Белград, како втор секретар задолжен за економски прашања. Иглбергер ја менаџирал и ја координирал големата американска помош за настраданите од земјотресот и има огромна заслуга за подигнувањето на Американската воена полска болница во Скопје. Заради неговата несебична ангажираност во тоа тешко време и големата приврзаност што ја покажувал кон Македонија, тој го добил прекарот „Лоренс од Македонија”. Уште во тој период, Иглбергер покажал видлива пристрасност кон Македонија и кон Скопје. Токму заради големиот гест околу помошта за градот Скопје, Лоренс Иглбергер во текот на својот мандат како амбасадор на САД во Белград (1977-1980 година), стекнал голема популарност. Од тогаш често доаѓал да ја посети Македонија и Скопје.
Во едно од многубројните последни интервјуа, тој вели: „Не сум бил во Македонија и во Скопје најмалку десет години, но се сеќавам многу добро на 26 јули 1963 година. Се сеќавам многу



добро на храброста на граѓаните на Скопје по катастрофата и се сеќавам колку напорно работеа за да го изградат повторно градот. Со голема наколонетост се сеќавам и на Скопје и на Македонија". Своевиден куриозитет во меѓународните односи од ова време е што во Македонија, односно во Скопје, за првпат во времето на Студената војна меѓу Западниот и Источниот блок се сретнале американски и советски воени сили кои заеднички им помагале на скопјаните. Американските воени медицински тимови особен удел дадоа во изградба на привремени и нови живеалишта на настраданите Скопјани и во лекување и згрижување на настраданите во специјално формирана Американска

„Не сум бил во Македонија и во Скопје најмалку десет години, но се сеќавам многу добро на 26 јули 1963 година. Се сеќавам многу добро на храброста на граѓаните на Скопје по катастрофата и се сеќавам колку напорно работеа за да го изградат повторно градот. Со голема наклонетост се сеќавам и на Скопје и на Македонија" – Лоренс Иглберг, амбасадор на САД во СФРЈ



воена болница во Куманово.
Соработката и пријателството меѓу САД и Република Македонија во време на Студената војна уште повеќе се зацврстило преку збратимување на градови од САД и Македонија.
На иницијатива на градот Темпи од Аризона во јули 1971 година е извршено збратимување меѓу Темпи и Скопје при посета на претставници на Скопје по повод Годишната конференција на збратимени градови во САД. Темпи е прв американски град кој соработува со град од Источна Европа, што е доста куриозитетен податок за ова „историско време". Студената војна беше во својот зенит и имаше голема недоверба меѓу Истокот и Западот. Партнерството меѓу Скопје и Темпи помогна во зголемување на пријателството и разбирањето меѓу Истокот и Западот, а денес постојат околу 150 збратимени градови, поврзување помеѓу американски градови и градови од зад т.н. „железна завеса". Од 1972 година па до денес, секоја година (со исклучок на 1990 и 1991 година), во летниот период успешно се одвива реципрочната размена на средношколската младина.
Во 1974 година е потпишан Протокол за соработка помеѓу Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје и Државниот универзитет на Аризона, во Темпи.
Во периодот 1987-1990 година се одвива и размена на млади стручни кадри, реципрочно во двата градови, во траење од по три месеци.
Во низата на хуманитарни активности што ги предводи Мајка Тереза светски позната хуманитарка по потекло од Македонија и добитничката на најпрестижни светски награди за мир и хуманост, меѓу кои и Нобеловата награда за мир во 1979 година, е и отворањето на прва хоспиција за заболени од сида во Њујорк. Истата година претседателот на САД Роналд Реган ѝ ја врачил на Мајка Тереза највисоката награда која може да биде доделена на цивил во САД – Претседателскиот медал за слобода. Во 1996 година со акт на Конгресот на САД Мајка Тереза е прогласена за почесна граѓанка на САД. Бројни личности од македонската емиграција во САД и личности од Македонија се добитници на највисоки општествени признанија и награди од страна на институциите во САД.
Македонската емиграција во САД интензивно се вклучува во сите сфери на општественото живеење во САД, но и граѓаните на Македонија кои заминуваат на студиски патувања во САД за време на Студената војна придонесуваат за запознавање на американската јавност со македонските културно-историски вредности и за јакнење на меѓусебните македонско-американски врски.

д-р Александар Стојчев




# Најпознати белокапи хакери

**Стив Возниак** – човекот што ги постави основите и идните насоки на компјутерската технологија што последователно доведе и до огромниот успех на компанијата „Apple Computers“. Пред да ја основа компанијата, Возниак како студент креирал уреди (т.н. „сини кутии“) за премостување на стандардната телефонска линија и воспоставување на бесплатни разговори. Уредите кои ги креирал заедно со Стив Џобс ги продавале на своите колеги-студенти, по што започнува периодот кога тие почнуваат со реализацијата на своите големи идеи. По напуштањето на факултетот Возниак го креира првиот персонален компјутер со матична плоча т.н. микрокомпјутер. Во 1985 ја основа компанијата „CL9“, која го пронаоѓа и изработува првото универзално далечинско во 1987 година. Во 2001 година ја основа компанијата „WOZ“ и го креира системот за безжично следење на уреди преку WOZ-мрежните сервиси за комуникација и локација. Како пронаоѓач ги има пријавено патентите за микрокомпјутер (за кој во 2000 година е признаен за национален инвентор на САД).



**Линус Торвалдс –** креаторот на „Линукс“, фамилијата оперативни системи преку кои на лесен и приспособлив начин се зголеми флексибилноста и сигурноста на системите базирани на Unix-основа. Во последната деценија употребата на „Linux“ системите е во постојан пораст поради популарноста и поставувањето како вистинска слободна алтернатива и достојна замена на двата главни претенденти, „Windows“ и „Mac“. Во 1991 година ја создава првата верзија на „Linux“ кернелот, користејќи го оперативниот систем





Информатичко-технолошката безбедност на индивидуално и колективно ниво би била невозможна без придонесот на белокапите хакери. Тие преставуваат основна алка во развојот на информатичката технологија, како и во спречувањето на можоста за нејзина злоупотреба. Најчесто се барани како информатичко-технолошки консултанти, аналитичари на информациски системи, аналитичари за сајбер-безбедност или пенетрациски тестери

Minix. Денес „Линукс“ системот е еден од најпопуларните слободни оперативни системи во целиот свет, а со неговата популарност и споделување го поттикна и развојот на заедницата на отворен код.

**Тим Бернерс-Ли** е креаторот на вистинскиот систем за интернет-навигација кој сите ние го користиме за да пристапиме до одредени датотеки, папки и веб-страници. Поради огромното значење на овој револуционерен систем за интернет-пристап за развојот на интернетот воопшто,Тим Бернерс-Ли го сметаат и за креатор на интернетот. Започнал да се занимава со електроника на релативно млада возраст, а кога бил студент на Оксфордскиот универзитет, успеал сам со лемење на елементи од речиси ништо да направи компјутер, притоа искористувајќи ги за тоа TTL-транзисторските прекинувачи, процесор M6800, како и делови од стар телевизор. Подоцна работел како независен соработник во ЦЕРН за чии потреби развил посебен систем базиран на хипертекст концептот за споделување и ажурирање на податоците, кој им овозможувал на истражувачите брзо да ги споделат и ажурираат информациите што преставува и основна идеја која подоцна ќе прерасне во хипертекст-протокол за „World Wide Web“, за што во 1990 година го креира и првиот веб-пребарувач поставен на првиот веб-сервер. Info.cer.che. Првата веб-страница во светот била поставена на компјутер со „NEXTSTEP“ оперативен систем. За својот придонес во развојот на интернет-светот Тим добил повеќе признанија, меѓу кои и титулата витез, која му е доделена лично од кралицата Елизабета Втора.



**Џеф Мос –** основач на безбедносните конференции „Black Hat“ и „Defcon“, кои денес привлекуваат илјадници експерти за компјутерска безбедност. На овие конференции кои се одржуваат на годишно ниво се опфатени палета на безбедносни настани што ги прави многу популарларни кај експертите за безбедност. Џеф Мос, покрај тоа што ги води овие конференции, работи и како главен офицер за безбедност за компанијата ICANN и како советник на Одделот за домашна безбедност на САД.




**Јон Лех Јохансен** е хакер кој ги користел своите вештини за да им помогне на другите во пробивањето на затворените системи. Неговите вештини за хакерство му овозможиле да се пробијат системите за енкрипција кои се користат за шифрирање на DVD-филмовите. Како резултат на неговото пробивање, корисниците на Линукс и други оперативни системи со отворен код можат да користат ДВД кои се кодирани со кодот на „Мајкрософт“.





**Ричард Метју Сталман –** програмер, активист на движењето за слободен софтвер и основач на проектот „GNU“. Поради заштита од конкуренција најголем

број на производители на софтвер, не дозволувајќи редистрибуција на изворниот код на нивниот софтвер, воведоа многу рестриктивни лиценци за користење со цел забрана или ограничување на копирањето и ширењето-редистрибуцијата. Како резултат на ваквата забрана, Ричард Сталман ја промовира кампањата за воспоставување на слободен софтвер кој ќе им биде достапен на корисниците на слободно користење, изучување, редистрибуција и модификација. Во рамките на ГНУпроектот, покрај креирањето на слободниот ГНУ-оперативен систем (со отворен код), основана е и ГНУ-фондацијата на слободен софтвер за заемна соработка на програмерите во чии рамки од страна на Сталман е претставена и ГНУ општата јавна лиценца со која се регулира и се обезбедува правото на слободно користење, изучување, редистрибуција и модификација на слободно лиценцирани-



од софтвер. Во рамките на ГНУ-проектот е промовиран огромен број на слободен софтвер за различни потреби и уреди, како и голем број на платфоми на оперативен систем, меѓу кои една од нив е и ГНУ/Линукс, што претставува комбинација од ГНУ-слободен софтвер и Линукс-јадро на оперативен систем.

**Ден Камински –** американски истражувач за информатичка безбедност кој стана познат уште во 2008 година преку откривањето и пријавувањето на критичниот недостаток на DNS-архитектурата преку кој на најголемиот број на DNS-сервери во светот им беше овозможено извршување на разни напади како што се: имитација на веб-страници преку пренасочување на мрежен корисник од една веб-страница на друга за неколку секунди, пресретнување на е-маил пораки, прескокнување на корисничката автентикација и друго. Дотогаш се дозволуваше напаѓачот да пренасочи мрежен клиент од еден веб-сајт на друг за неколку секунди. На листата на откриени пропусти се и откривање на малициозниот софтвер на компанијата „Сони“ во 2005 година, преку кој се инфицирани најмалку 568.200 компјутерски мрежи. Согледувањето на можноста од пресретнување и пренасочување на рекламните пораки кон штетни-злонамерни веб-страници го демонстрирал на Facebook и на PayPalco-креирање и поставување на мега популарно видеомем. Со неговото откривање на уникатните траги кои ги остава далечински скенираниот компјутерскиот црв „Conficker“, се создаде основа за креирање на голем број безбедносни апликации и администраторски алатки за мрежно скенирање, меѓу кои и познатите „NMap“ и „Nessus“. Во соработка со колегите од „IOActive“, во 2009 година ги открива и пропустите на PKI-сертификатите во SSL-криптографскиот протокол. Во моментов Ден работи како раководител на истражувачкиот тим на „White Ops“, специјализирана компанија за откривање на малициозен софтвер преку JavaScript, а во неговите претходни ангажмани работел и како раководител на тимот за безбедносно тестирање и проверка во комапниите „Cisco“, „Avaya“ и „IOActive“. Со неговите откритија и експертизи повеќепати учествувал на безбедносните конференции „Black Hat“ и „DEF CON“.

**Роберт Хансен „Rsnake“.** Како ветеран во полето на интернет безбедноста Хансен е најпознат под псевдонимот Rsnake и е мозокот кој го создаде „Fierce“, моќниот домен-скенер, како и „Slowloris“, алатката за DDoS-напади преку мал пропусен опсег со која се овозможува да се сруши веб-сервер преку активација од обичен компјутер, што беше и искористено од страна на иранските хакери за напад на владините веб-страници за време на претседателските избори во




Иран во 2009 година. Како одговорен за системите за проверка на автентичност и спречување измама во „eBay“ создава систем за заштита кој денес е вграден во секој веб-прелистувач, со што се штити секој интернет-корисник. Креатор е на веб-страницата http://ha.ckers.org, којашто за десетина години успешно одбива преку 1000 напади неделно, по што ја создава и светски најбезбедната платформа за веб-хостинг „Armored Stack“, која за 8 години одбива преку 15 милиони напади, од којашто понапаѓана е само мрежата на Белата куќа во САД. Во моментов, покрај разните предавања, раководи со одборите на повеќе компании за информатичка безбедност, а во 2009 ја издаде е-книгата „Detecting Malice“.

**Грег Хоглунд**. Првите истражувања на Хоглунд во полето на rootkits, узурпацијата на софтвер, преплавувањето на бафер и хакирањето на онлајн-игри, резултираа со основање на популарна веб-страница rootkit.com,



неколку книги и работа со американската Влада, додека неговата подоцнежна работа со фокус на дигиталната компјутерска форензика, форензиката на РАМ-меморијата, откривањето на малвери и разоткривањето на хакери резултираше со објава на пет патентирани методи и голем број предавања на познатите безбеносни конференции. Како

основа за издавањето на една од негови-те книга „Експлоатација на онлајн игри: Мамењето на масовно дистрибуираните системи“ се токму откриените пропусти во он-лајн играта „World of Warcraft“. Неговото согледување на РАМ-меморијата како комплексна слика од меѓусебно поврзани структури и податочни низи, наместо како обичен простор исполнет со податоци го постави Хоглунд за пионер во истражувањето и развојот на форензиката на РАМ-меморијата, што придонесе за воспоставување на истата како стандардна практика при спроведувањето на дигиталната форензика.

**Јоана Рутковска** е позната по своите истражувања на основното ниво на безбедност, malware-скриптите, работата на безбедноста на десктоп-оперативните системи и развивањето на безбедносниот оперативен систем „Qubes“ (базиран на Xen-виртуализација). Истражувајќи ги нападите на системите за виртуелизација и Интеловите технологии за безбедност, (преку серија на напади против „Intel Trusted Execution Technology, TXT-технологијата), Јоана се посветува и на полето на безбедност на виртуелизацијата и можноста за изградба на посигурни системи преку пронаоѓањето на слабостите на други хардверски безбедносни механизми како што се Intel vPro-технологиите. На безбедносната конференција „Black Hat“ во Лас Вегас во август 2006 година го претстави првиот „rootkit“, базиран на основа на x86 и AMD-V виртуелизација, при што успешно презентираше напад врз механизмот за заштита на јадрото на „ОС Виста“ со преместување на активен ОС на виртуелна машина. Нејзината стелт-малвер техника е наречена „Blue Pill“, а за нејзиното пионерско истражување во пробивањето во Intel vPro BIOS и AMT / MT технологијата беше именувана за еден од петте најзначајни хакери од страна на „eWeek Magazine“, кои оставија белег во 2006 година. Како основач и извршен директор успешно ги раководи „Invisible Things Lab“ и проектот за безбедносен ОСQubes и е редовен предавач на безбедносните конференции.



**Паула Јанушкевич** е светски познат ИТ-консултант за безбедност, безбедносен пенетрациски тетстер, Миксрософт МВП (Microsoft Most Valuable Professional-MVP) и Микрософт MCT (Microsoft Certified Professional -MCP) тренер за безбедност. Таа е реализатор на стотина безбедносни проекти, меѓу кои и за владините организации, а воедно е и главен говорник на светски познатите конференции, „Black Hat“, „TechEd North America“, „TechEd Europe“, „TechEd“ за Блискиот Исток, „RSA“, „TechDays“, „CyberCrime“, меѓу кои и „Microsoft Ignite“ (каде беше оценета со број 1 предавач од 1100 други). Својата огромна посветеност за споделување на своето знаење со другите го остварува преку компаниите кои ги основа, каде што извршен директор е токму таа, како на пример „CQURE“ (со седишта во Њујорк, Дубаи, Цуг, Швајцарија, и главно седиштето во Варшава) и академијата за ИТ-безбедност „CQURE Academy“. Таа е една од малкуте лица кои имаат пристап до изворниот код на „Windows“.

Марјан Зафировски





# ЛОРАНДИТОТ ОД АЛШАР

Рудникот Алшар (кој се наоѓа во крајниот јужен дел на Република Македонија, на околу 40 km јужно од Кавадарци), бил познат уште од многу одамна (од XII или XIII век, а според некои сознанија можеби и од античко време). До денес, во Алшар се најдени 45 минерали, од кои 13 во својот состав имаат талиум, а 4 од талиумовите минерали се најдени само овде и на ниту едно друго место (симонит, јанковиќит, ребулит, талиумфармакосидерит)

Минералот лорандит, со хемиска формула TlAsS2, е најсреќаваниот минерал во светот што содржи та¬ли¬ум. Тој бил првпат откриен во Алшар во 1894 година од унгарскиот минералог Кренер (Krenner). Литературата упатува дека минералот лорандит е подоцна најден и во Џиџикрут (Dzhizhikrut) Sb-Hg рудникот во Таџикистан, Бештау (Beshtau) ураниумското наоѓалиште во Русија, Ланмучанг (Lanmuchang) Hg–Tl наоѓалиштето во Кина, Заршуран (Zarshuran), рудикот за злато во Иран, Ленгенбах (Lengenbach) наоѓалиштето во Швајцарија, како и на неколку места во САД – Новошетачкиот (New Rambler) Cu–Ni рудник во Вајоминг, рудниците Карлин и Џерид кањон (Jerritt Canyon) во Невада, рудникот Меркур (Mercur) за злато во Јута. Сепак, и до ден-денес, Алшар е најбогатиот извор на лорандит во светот. Плочести по својот облик агрегати на лорандит вообичаено се диспергирани низ





минералите реалгар и аури¬¬пиг¬мент. Убаво оформени кристали од лорандит ретко можат да се сретнат, но во Алшар има многу такви примероци (види слика). Досега се опишани 32 различни кристални форми на овој минерал. Лорандитот со своја¬та по¬тем¬на црвена боја, полуметалниот сјај и совршe¬ната цепливост во различни насоки, лес¬но се разликува од реалгарот. Некои кристали се прекриени со жолто-кафеава кора. На ло¬калитетот криста¬ли¬те од лорандит имаат големина од 1 cm, иако биле најдени извон¬ред¬¬ни кристали до 5 cm. Лорандитот е именуван по унгарскиот физичар Лоранд Етвос (Lorand Eötvös).

## Примероци на лорандит од Алшар

Хемискиот состав на лорандитот од Алшар покажува дека овој редок минерал е чист и содржи само траги од K, Cr, Fe, Cu, Pb и Zn. Во најбогатите зони содржината на руда од овој минерал е проценета на околу 18000 m3, со средна содржина на Tl од 0,35 %. Неодамнешните истражувања покажале присуство на Hg. За овој минерал, покрај другото, направени се голем број спектроскопско-структурни студии во корелација со други талиумски и арсенски минерали.
Заради поголемата распространетост на овој минерал во Алшар, а особено заради откритието од 1976 година кога американскиот научник Мелвин Фридман (Melvin Freedman) дошол до сознание дека минералот лорандит може да послужи како геохемиски детектор на сончевата неутрина (со што потенцијално би овозможило да се открие тајната за староста на Сонцето), интересот за Алшар особено пораснал.
Имено, неутрината се многу продорни неутрални честички, со маса многу блиска до нулата. Тие патуваат од Сонцето кон Земјата со брзината на светлината, поминувајќи го тој пат за околу осум минути. Притоа, практично, сите неутрина поминуваат низ Земјината топка но, сепак, еден исклучително мал дел од нив стапува во интеракција со некои супстанци на Земјата. Токму тој тип интеракција, според Фридман, може да претставува основа за детектирање на сончевите неутрина. Како детектор на неутрината од сонцето, Фридман предложил да се користи еден изотоп на талиумот (205Tl) во минералот лорандит, кој при интеракција со неутрината се трансформира во изотоп на оловото (205Pb). Така, преку анализа на талиумовиот минерал лорандит од Алшар би се детектирало количество олово што би претставувало основа за пресметување на бројот на неутрината што во текот на милениумите поминале низ минералот лорандит, и на таков начин би се пресметала староста на Сонцето. Токму за истражувањата од ваков вид, засновани на лорандитот од Алшар, но и за многу други паралелно изведени



истра¬жу¬вања на разни места во светот (базирани на користење други детектори), а насочени кон разрешувањето на енигмата за староста на Сонцето, е подготвена посебна моно¬гра¬фија посветена на локалитетот Алшар, којашто кон крајот на 2018 година ќе излезе од печат во издание на Македонската академија на науките и уметностите, а во коиздаваштво со Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип.
Инаку, за Алшар се врзани безброј пре¬да¬ни¬ја, митови, мистерии, енигми, тајни и недорече¬ности, што го прават овој локалитет најмистичен во Македонија, но и едно од помистичните минералошки наоѓалишта во светот. Едно од тие преданија за минералот лорандит потекнува уште од времето на Александар Македонски, според кое, „фалангата на Александар во битките што ги водела точно напладне и со движење на војската од запад кон исток, ги премачкувала своите штитови со лорандит, при што се јавувал силен одблесок од штитовите, кој ја заслепувал противничката војска".

Во пос¬лед¬но време интернетот е преплавен со голем број мистерии поврзани за локалитетот Алшар и за лоранди¬тот. Една од нив е особено футуристичка и оди дури дотаму што „ако се разоткријат про¬цесите со чија помош се генерира енер¬ги¬ја¬та на Сонцето, човекот ќе може да произ¬ве¬дува 'мали сонца', кои би ослободувале огромна енергија како замена за нуклеарната".
Монографијата за Алшар има цел да им ја пласира на читателите вистината за раритетниот локалитет Алшар и за реткиот (во светски размери) минерал лорандит, и со тоа да се направи обид да се разјаснат големиот број мистерии, енигми, тајни и недоречености врзани за овој локалитет. Преданијата и митовите што веќе се всадиле во нашата меморија, нека останат, притоа негибнати.

Петре Макрески,
*(Институт за хемија,ПМФ)*
*Глигор Јовановски,*
*(Истражувачки центар за животна средина и материјали,МАНУ)*





# „Либан“

Есенските денови ни носат повеќекратно наградуван филм од Блискиот Исток за кој пишуваме на овие октомвриски страници на „Штит“ – прекрасно филмско остварување на израелскиот режисер Семјуел Маоз во кое ни зборува за почетоците на либанската Граѓанска војна, односно нè враќа токму на првиот ден од почетокот, 6 јуни 1982 година. Филмот „Либан“ зборува за ирационалноста и бесмисленоста на војната и за човекот кој е во средина на тој хаос, вечната и непресушна тема на воениот жанр, раскажувајќи ја преку мисијата на екипажот од еден тенк. Нешто што изгледа како навидум едноставна и безопасна задача, по низа грешки и лоши одлуки се претвора во вистински кошмар. Самиот режисер, Семјуел Маоз, бил тенкист за време на оваа повеќегодишна војна, па може да се каже дека овој филм е всушност и евоцирање на спомени и пренесување на искуства од прва рака на самиот филмски творец, но и на неговите лични трауми кои останале втиснати во неговата меморија и личност.

Речиси целиот филм е снимен внатре, во самиот тенк или, пак, низ нишанот на истиот го гледаме светот надвор. Како гледачи, сосема неизбежно е да ни се појави чувство на анксиозност и клаустрофобија, исто како и на главните протагонисти кои во ниеден кадар не можеме да ги видиме заедно, но претпоставуваме дека невидливите седат од спротивната страна, впрочем каде што е и камерата, уште еднаш илустрирајќи го тесниот простор. А, во тој простор расте страв кој се заканува да ги потопи сите. Одвреме-навреме отворот на тенкот ќе се отвори и во него ќе влезе строгиот офицер кој ги издава наредбите и ги брифира четворицата тенкисти за нивните задачи, како единствената врска со надворешниот свет.

Почетната сцена на филмот е идилична и истата го краси и крајот – поле со жолти расцветани сончогледи во лето кои се нишаат на тивкиот ветер, сино небо над хоризонтот. Среде таа идила се појавува голем, тежок, метален тенк, објект кој не припаѓа таму, исто како што и главните протагонисти во филмот не припаѓаат во војната во која се нашле. Херцел, Јигал, Шмулик и главниот меѓу нив – Аси, се млади момчиња кои се збунети од војната во која се нашле. Уште несвесни дека ќе ја испишуваат историјата и дека токму во тој момент го живеат првиот ден од долгогодишното пролевање, тие добиваат едноставна задача која многу лесно тргнува наопаку. По авионското









бомбардирање на неколку села и градови, нивниот тенк треба да биде поддршка на пешадијата која влегува во опустошените места да докрајчи ако некој останал жив. Тука тенкистите се соочуваат со првите внатрешни конфликти – како да пукаат во деца и жени, како да уништуваат невини семејства. Наредба е наредба, но и етичкиот универзум во кој егзистираат луѓе е силен. Сликите на војната се шок за младите војници, а нивната неможност да ги прифатат се манифестира и физички, во вид на повраќање од потресните сцени. Влези во селото, докрајчи и излези – задачата е едноставна, а сепак тешка да се изврши. Но, вистинска драма започнува кога протагонистите ќе го загубат патот со безбедната зона и ќе залутаат во непријателска територија. Оставени сами на себе, со единствена поддршка од двајца недоверливи Израелци, тие мораат да го најдат патот до зоната или ќе бидат убиени. Шокот и стравот мораат да бидат заменети со рационални одлуки. Но како да се размислува рационално кога самата војна е толку нелогична и ирационална? Политичката димензија на филмот е целосно занемарена – војниците не знаат зашто се борат, против кого се борат, не поставуваат прашања за да си го објаснат контекстот во кој се фрлени, што остава доволно простор за деконструкција на нивната психолошко-емотивна состојба како тема во фокусот во ова филмско дело.



## Воајери на грозоморни сцени

Голем дел од кадрите се презентираат низ нишанот на тенкот, како да следиме филм внатре вофилм, какотој визир да е еден мост помеѓу набљудувачот-тенкист и реалниот свет. Токму тоа посредување, таа индиректност со хоророт на војната навидум треба да е некаков рецепт за полесно справување со ситуацијата, држејќи ги однадвор главните ликови, но напротив. Нишанот е еден вид на воајерска алатка која става фокус на одредени моменти и детали и служи како средство за психолошка анализа на секој кој ќе влезе во видното поле. Низ него го гледаме ликот на старецот кој смирено седи пред куќа додека до него седи обезглавен неговиот пријател, ја гледаме избезумената гола мајка која ја бара својата ќерка, штотуку застрелана, ги гледаме војниците кои плачат пред грозоморните слики предизвикани од бомбите на војската на која припаѓаат, гледаме улици од крв и детски тела... Сите небулози на војната прикажани низ нишанот со маркери за центрирање. Слики кои се несомнено длабоко трауматични за секој нормален човек. Она што останува по авионските напади на селата и градовите е мошне страшно.

Токму со прикажувањето на работите низ нишанот, толку живо и реално, исто како да гледаме низ очите на тенкистите, односно од внатрешноста на тешкиот тенк, Семјуел Маоз речиси сè става во улога на учесници, како да сме навистина таму, а не само како набљудувачи, притоа не штедејќи се во сликовитоста на кадрите. Како да останеш при себе во ситуација во која демне постојана опасност? Избезуменоста која ги опфаќа младите војници преминува во состојба на паника и очај. Тие поставуваат очигледни прашања за војната, барајќи одговори поинакви од оние кои ги знаат, барајќи вербална утеха од другиот дека ситуацијата не е толку страшна и дека опасноста не е вистинска и реална. Сите четворица се наоѓаат збунети во насилна ситуација со која не можат да се справат ниту воено, ниту психички. Сепак, основниот инстинкт на преживување е посилен од сè и тие ќе ги извадат сите натчовечки капацитети за да излезат живи од оваа ирационална војна.

„Либан“ не ја остави рамнодушна светската филмска критика и гледачите. Меѓу многуте награди на светските фестивали, филмот го краси и наградата „Златен лав“ на Венецискиот филмски фестивал. Овој филм е навистина уникатен, изработен мајсторски и речиси реален во сликовитоста. Токму личниот пристап на Маоз, веројатно има придонесено многу кон создавање на толку жива слика која вовлекува внатре во нејзината автентичност. Исто како што од светските критичари, „Либан“ ги добива највисоките оцени, така и од нас добива висока оцена, заедно со препорака за читателите да не го изоставаат од домашното кино.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Samuel Maoz

**Сценарио:** Samuel Maoz

**Улоги:** Yoav Donat, Itay Tiran, Oshri Cohen, Michael Moshonov

**Музика:** Nicolas Becker, Benoît Delbecq

**Кинематографија:** GioraBejach

**Монтажа:** Arik Leibovitch

**Година:** 2009

**Земја:** Израел / Франција / Германија / В. Британија

**Времетраење:** 93 минути

**Награди:** „Златен лав“, Венециски филмски фестивал, награди од израелската Филмска академија, европски филмски награди и многу други



Водопадот на Горна Лешница


Кањон Матка



Корапски водопад





Дуфски Водопад

## ГЕОФОТОКОНКУРС

# „Кањони и водопади во Република Македонија“

Редакцијата на списанието „Штит“, во склоп на рубриката „Убавините на Македонија“ ви го претставува фотоконкурсот „Кањони и водопади во Република Македонија“, организиран од истражувачкото здружение на студенти-географи „Природник“.
Со овој конкурс здружението започнува со серијал на тематски геофотоконкурси насочени кон природните убавини на Република Македонија. Идејата е преку фотографија да се запознаеме со природните убавини кои постојат во Македонија и кои треба да ги промовираме, да ги заштитиме и да ги негуваме, а воедно да се поттикнат, да се инспирираат и да се охрабрат сите да ја споделат својата приказна, да ја запознаат и промовираат недопрената убавина на Република Македонија.
Сите фотографии кои учествуваа, а и наградените фотографии, беа презентирани и на веб-страницата на истражувачкото друштво на студенти-географи „Природник“ – Скопје, како и на официјалните профили на Здружението на социјалните интернет-медиуми (facebook, Instagram, twitter ).
Првото место од Комисија беше доделено за фотографијата „Водопадот на Горна Лешница II“, од авторот Тони Димитров, второто место за фотографијата „Кањон Матка“ од Билјана Иванова, а третото место за фотографијата „Корапски водопад“ од Дарко Стојчески, додека, наградата од публиката (интернет/социјални медиуми) ја доби фотографијата на Костанца Билбиловска - „Дуфски Водопад“.

Кристина Илиевска

# УБАВИНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА



































